**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
Студиска програма: Музичка интерпретација и композиција

# *АСПЕКТИ НА РАЗВОЈОТ НА ПИЈАНО ЕДУКАЦИЈА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА КОСОВО ВО ПЕРИОДОТ 1998-2008*

теориски дел од докторска дисертација

Ментор:
проф. д-р Викторија КОЛАРОВСКА-ГМИРЈА

Кандидат:
м-р Артемида ЌАРИ

**Скопје, 2025**

**Апстракт**

Целта на овој труд беше да се претстават аспектите на наставата по пијано во постоечките седум основни музички училишта во Косово во периодот 1998-2008 кои се одредуваат како организациски, содржински и дидактичко-методски. Со оглед на нестабилната општествено-политичка ситуација во Косово во тој период, нè интересираше дали постоеше континуитет и развој во образовниот процес во овие училишта и на кој начин тој се одржа во неповолните услови на опкружувањето. Затоа во истражувањето се фокусиравме на условите за работа и инфраструктурата на училиштата, наставниот кадар, бројноста на учениците и нивната вклученост во вонаставните активности, како и опременоста на училиштата со библиотеката и нотните материјали. Недостатокот на зачуваната педагошка документација делумно го пополнивме со интервјуа на сведоците и учесниците на наставниот процес во периодот на нашето истражување. Во основата на истражувањето беше квалитативниот метод, при што податоците од секое училиште се анализираа и обработуваа како засебна студија на случај.

## СОДРЖИНА

**Апстракт** …..................................................................................................................i

**1. Вовед** ................................................................................................................1

**1.1. Дефиниција на темата** ……….……………………………………………5

**2. Преглед на литература** ..................................................................................7

**2.1. Концепт на пијанистичката педагогија** ………………...…………………...7

**2.2. Основни барања на почетното учење во пијанистичката едукација** …..….9

**2.3. Инфраструктура во пијанистичкото образование** ………….…………...12

**2.4. Наставен кадар** ……………………………………………….…………..13

**2.5. Вонnаставни активности на учениците и наставниците** ……..………..……15

**2.6. Библиотека и литература за пијано** ………..……………….……………17

**3. Метод** ………..…………………………………………………………………18

**3.1. Дизајн на истражувањето** …………………………...……………………..18

3.1.1. Популација на истражувањето ………………...……………………………18

3.1.2. Истражувачкиот инструмент ………………...……………………………18

3.1.3. Процедура …...………………………………………………………………...19

**3.2. Претставување на резултатите** ……………………...………………………19

**3.3. Методолошки ограничувања** ……………………………….………………20

**3.4. Етички прашања** ………………………………………….………………......20

**4. Резултати** ……………………………………………………………………20

**4.1. Краток историјат, инфраструктура и наставен кадар на основните музички училишта во Косово** ………………………………………………………………20

4.1.1. Основното музичкото училиште „Пренк Јакова“ – Приштина ………………20

4.1.1.1. Краток историјат …..…………………………………………………….20

4.1.1.2. Инфраструктура ……………………………………………………….21

4.1.1.3. Наставен кадар ……………………………...…………………...……..21

4.1.2. Основното музичко училиште „Пренк Јакова“ – Ѓаковица ..…………………25

4.1.2.1. Краток историјат …..…………………………………………………..25

4.1.2.2. Инфраструктура ………………………………………………………26

4.1.2.3. Наставен кадар ………………….…………………...…..…………..27

4.1.3. Основното музичко училиште „Тефта Ташко“ – Митровица ………..……….28
4.1.3.1. Краток историјат ………………………………………………………………28
4.1.3.2. Инфраструктура ………………..…………………….………………………29
4.1.3.3. Наставен кадар ……………………………………..…………………………29
4.1.4. Основното музичко училиште „Халит Касаполи“ – Пеќ ….…………………31
4.1.4.1. Краток историјат на училиштето ……………………………………………31
4.1.4.2. Инфраструктура ………………………………………………………………32
4.1.4.3. Наставен кадар ………………………………..………………………………33
4.1.5. Основното музичко училиште „Лоренц Антони“ – Призрен …..……………34
4.1.5.1. Краток историјат ……...………………………………………………………34
4.1.5.2. Инфраструктура ……….………………………………………………………35
4.1.5.3. Наставен кадар ………………………………………………………………...36
4.1.6. Основното музичко училиште „Ческ Задеја“ – Урошевац ………….………38
4.1.6.1. Краток историјат ………………………………………………………………38
4.1.6.2. Инфраструктура …………………………………….…………………………38
4.1.6.3. Наставен кадар ………………………………………………………………...39
4.1.7. Основното музичко училиште – Гнилане …...………………………………40
4.1.7.1. Краток историјат на училиштето …..………………………………………..40
4.1.7.2. Инфраструктура ……………………………..………………………………...41
4.1.7.3. Наставен кадар ………………………………………………………………...41
**4.2. Воннаставни активности на учениците и наставниците на основните музички училишта во Косово** …………………………………………………………44
**4.3. Библиотеки и литература за пијано на основните музички училишта во Косово** ....................................................................................................................50
**Заклучок** ...................................................................................................................52
**Библиографија** ........................................................................................................55

**Прилог бр. 1. Наставнци по пијано во основното музичко училиште „Пренк Јакова“ во Приштина во периодот 1998-2008** ………………………………….…………………59

**Прилог бр. 2. Наставници по пијано во основното музичко училиште „Пренк Јакова“ во Ѓаковица во периодот 1998-2008** ……………..……………………….……………63

**Прилог бр. 3. Наставници по пијано во основното музичко училиште „Тефта Ташко“ во Митровица во периодот 1998-2008** ……………………..............……………………64

**Прилог бр. 4. Наставници по пијано во основното музичко училиште „Халит Касаполи“ во Пеќ во периодот 1998-2008** ……………………………………………......66

**Прилог бр. 5. Наставници по пијано во основното музичко училиште „Лоренц Антони“ во Призрен во периодот 1998-2008** ………………………………………………67

**Прилог бр. 6. Наставници по пијано во основното музичко училиште „Ческ Задеја“ во Урошевац во периодот 1998-2008** ……………….…..…………………………………..69

**Прилог бр. 7. Наставници по пијано во основното музичко училиште во Гнилане во периодот 1998-2008** ………………………….………………………….…..………………71

**Прилог бр. 8. Интервју со Елизабете Ќари** ………………………………………………..74

**Прилог бр. 9. Интервју со Мисбах Качамаку** ……………….………………………75

**Прилог бр. 10. Интервју со Аида Џиколи** ………………..……………………………..76

**Прилог бр. 11. Интервју со Бесим Ќори** …………………..……………………………78

**Приллог бр. 12. Интервју со Бими Мила** ……………………………….…………………79

**Прилог бр. 13. Интервју со Лиридона Мизири** ………………………….…………….……81

**Прилог бр. 14. Интервју со Рина Фери Адеми** …………...……………………………82

**Прилог бр. 15. Интервју со Бесјана Тишукај** ……………………………………………..83

**Прилог бр. 16. Интервју со Линдита Исуфи** ………………………………………………84

**Прилог бр. 17. Интервју со Ринор Алиу** ……………….…………………………………..86

**Прилог бр.18. Интервју со Индира Чипа** ……………………………………………….87

**Прилог бр.19 Интервју со Арбнор Красниќи** ……………………………………………..88

**Прилог бр. 20. Интервју со Ули Белули** ……………..……………………………….89

## 1. Вовед

Музичко училиште е образовна институција чијашто цел е да им се овозможи дополнителното специјализирано музичко образование на учениците во основно образование и професионално ориентираното музичко образование во средно образование.

Пијанистичката педагогија е педагошкиот процес на изучување на инструментот пијано и опфаќа широк спектар на вештини и теми: настава по пијанистичката изведба и теорија, развивање образовни стратегии и пристапи, до планирање на работа во училница. Инструменталната педагогија, како дел од музичката педагогија, слично со другите области на „уметноста на наставата“, не застанува и активно ги развива класичните методи на совладување на инструментот, вклучувајќи ја најновата технологија. За да се разбере целосната слика за нејзиниот напредок, треба да се проучи искуството на одделни земји или автори во наставата за свирење на пијано, нејзините традиции и иновации.

Историјата на пијанистичката педагогија е нераздвојно поврзана со развојот на инструментите со клавијатура и конструирањето на пијаното од страна на Бартоломео Кристофори, кој бил пасиониран љубител на клавишните инструменти. Тој го нарече својот оригинален изум gravicembalo col piano e forte, што значи „чембало со тивок и гласен звук“. Оттаму настануваат модификации на овој термин како пијанофорте или фортепијано. Понатамошните разработувања на механиката и деловите на пијаното влијаеле врз развојот на техниката на свирење, а со тоа – и врз развојот на пијанистичката педагогија на која се посветени голем број студии. Најпознатите педагози и методолози создале бројни трудови врз основа на нивното долгогодишно педагошко искуство и барањата на пијанистичката литература, нејзината јавна изведба, техничките и интерпретациските прашања, пристапот соодветен на возраста и искуството на учениците.

Денес може да се направи разлика помеѓу класичните и модерните пристапи кон музичкото образование. Класичното образование за пијано е претставено со делата на Бузони, Коган, Нојхаус, Хофман, Штајнгхаузен, Брајтаупт и Депе. Делата на Сузуки, Кодај, Агаи, Бастијен и Арон ги претставуваат посовремените методи. Покрај овие, многу наставници придонесоа за нови педагошки пристапи кои се фокусираат на учење што ја зема предвид психолошката комотност на учениците во комбинација со музичкиот и социјалниот развој. Современиот наставник по пијано треба внимателно да ги проучува

постоечките методи, да го познава историјатот на пијанистичката педагогија, како и сродните области – педагогијата, психологијата, естетиката и др.

Според зборовите на истакнатиот педагог Х. Нојхаус, „за да се зборува и да се има право да се слуша, не само што треба да може да се зборува туку и да има што да се каже“ (Neuhaus 1958: 13).

Во музичката историја, но и денес, пијаното останува еден од најбараните инструменти во наставата, а во различни земји во соодветни историски периоди се воспоставуваат различни форми на наставата по пијано: од приватни часови и мастер класи до институционални форми на наставата кои се заокружуваат во синџирот на музичките училишта за основно и средно музичко образование. Постоењето на ваквите училишта се смета за голем дострел, но и привилегија на музичката култура на едно општество. Ваквата традиција постои и во Косово, започнувајќи со нивното втемелување и развој во периодот на поранешната СФРЈ, до денешната состојба со функционирањето на државните и приватните музички училишта кадешто пијаното останува водечки инструмент во наставата.

Музичката култура и образование од европски тип во Косово претставува неопходен процес, играјќи клучна улога во поттикнувањето и збогатување на културниот и социјалниот развој.

Музичките училишта станале клучни фактори во овој процес, генерирајќи кадар од музички професионалци вклучени во различни сегменти на музичката култура. Тие обезбедиле сеопфатна професионална обука на целата музичка заедница: композитори, диригенти, инструменталисти и педагози, кои активно придонесоа за разновидноста на музичкиот живот во Косово.

Дополнителното специјализирано музичко образование во Косово не е задолжително образование и може да се избере како образование за изучување на различни музички инструменти во основното (нижо) училиште. Понатаму на теоретска или инструментална насока во средното училиште веќе се одвива професионално ориентираното музичко образование.

Основниот циклус, односно основното музичко училиште траело 6 години, а средното музичко училиште траело 4 години, сè до 2000 година кога основниот образовен систем на Косово претрпел промени. Траењето на основното образование станало 9 години,

со поделбата на долниот циклус I-V одделение и долниот среден циклус VI-IX одделение, додека средното образование, односно горниот среден циклус е во траење од 3 години, односно X-XII година.

Различни трендови и културни активности биле јасно условени со општествено-политичката клима на секоја деценија по Втората светска војна. 1940-тите означиле клучен период во процесот на институционализација на музичката култура и образование. 1948 година станала значајна пресвртница, со основањето на првото музичко училиште, прво наречено „Јосип Славенски" а сега познато како „Лоренц Антони" во Призрен. Потоа следело основањето на музичкото училиште „Стеван Мокрањац", подоцна преименувано во „Пренк Јакова" во Приштина во 1949 година. Овие институции одиграле улога на темелни столбови, поставувајќи ја основата за последователен развој на повеќедимензионалната музичка култура во Косово.

Понатаму, побарувачката за музичко образование продолжила да расте, што довело до основање на повеќе музички училишта и програми низ целата земја. Генерално, од 1948 година музичкото образование во Косово се одвива како незапирлив процес од историска важност, претставувајќи камен-темелник на сите професионални музички случувања во државата. Неговата длабока ефективност стана очигледна со културниот напредок од 1950-тите и 1960-тите години наваму. Овој период се карактеризира со сѐ поголемо препознавање на важноста на културните институции во негувањето на уметничкиот талент и промовирањето на уметничкото изразување. Во овој развоен процес музичките училишта продолжија да играат улога на основните фактори за институционализирањето на уметничката музика во Косово. Овие училишта не само што обезбедија формално образование и обука за идните музичари, туку служија и за насочување на идните уметници и нивните соработки.

До 1970-тите, музичарите можеле да се здобиваат со своето високо образование во различни места во Југославија. Ново поглавје за општите музички случувања, вклучително образованието, креативноста и продуктивноста, се отворило со формирањето на Вишата педагошка школа (огранок за музичко образование) во 1963 година и Музичката академија (денес Факултетот за уметности) во 1975 година. Овие пресвртни настани го означиле проширувањето и збогатувањето на музичкиот сектор. Првите музички професори/наставници ангажирани во Вишата педагошка школа беа Енѓел Бериша

(историја на музика), Марк Качинари (солфеж), Винченц Ѓини (хармонија), Мухамет Белегу (мандолина, хармоника), Бахри Чела (диригирање, хор и оркестар), Севиме Кабаши и Марко Савиќ (пијано), Драшко Чолиќ (виолина) и Кристе Лекај (музички форми, познавање на инструменти). Помеѓу 1963-68 година дипломирале 45 студенти по музичка уметност.

Периодот помеѓу 1990 и 1999 година, кој се карактеризира со бурни општествено-политички настани, отворил значајни предизвици за музичкото образование: пред сè, нарушувањето на институционалните форми и инфраструктурата.

Во периодот по 2000 година, музичкото образование во Косово продолжило да се прилагодува и еволуира, како одраз на променливите социополитички и културни околности. Во овој период започнале нови процеси кај повторно воспоставените институционални форми и типови, што поттикнало усвојување на нови наставни програми и реевалуација на музичкото образование во контекст на еволуирачката општествена реалност и барањата на пазарот на трудот. Со тоа, музичкото образование во овој период понудило нови перспективи и динамичен одговор на еволуирачките општествено-политички состојби.

Покрај Факултетот за уметности во Приштина, проширувањето на образовните можности преку Катедрата за музикологија на колеџот AAB, Факултетот за уметности во градот Пеќ и Катедрата за модерна музика, дигитална продукција и менаџмент на колеџот UBT, претставува значајна промена кон поразновидна и инклузивна наставна програма за музика.

Едно од најважните прашања на пијанистичката едукација е литературата која се користи во педагошки цели. Во Косово, она што е наследено како југословенски стандард е методот за изучување на пијаното во изданијата на Јела Кршиќ (Jela Kršić) наменети за сите години на основното музичко образование. Иако не се пристутни во официјалниот наставен план, во моментот во Косово сè уште се користат старите учебници од југословенскиот период.

Од друга страна, полесните и позабавни школи и методи во Косово се појавуваат на почетокот на 1997 година. Еден од нив е почетниот пијано-метод на Бастијен (James Bastien) изложен во серија изданија распределени во четири целини (основни вежби, технички вежби, ритмички вежби и мали композиции). Исто така, иако не станува збор за класична школа за пијано, изданијата со технички вежби A Dozen a Day на Една Меи Бурнам (Edna

Mae Burnam), кои се вклучени во официјалниот наставен план, може да се користат во почетната настава по пијано во Косово. Како што кажува и насловот, понудени се десетина кратки технички вежби многу погодни за загревање, што секојдневно треба да се поминуваат. Истражувањата покажуваат дека бројот на почетните школи за пијано кои се во активна употреба од наставниците во музичките училишта во Косово се зголемува, се проширува нивната содржина и варира намената (Шујаку 2024).

Со оглед на горенаведените сознанија за значењето на инструментот пијано и наставата по пијано, улогата на институционалното музичко образование кое се одвива преку системот на музичките училишта во етаблирањето на наставата по пијано, како и придонесот на овие училишта за збогатувањето и развојот на музичката култура и образование во Косово, вклучително и во периодите на суштинските општествени промени, одлучивме да ја обработиме следнава тема:

***Аспекти на развојот на пијано едукација во институциите за основно музичко образование во Република Косово во периодот 1998-2008.***

### 1.1. Дефиниција на темата

Вака формулирана, темата ја сочинуваат следниве сегменти:

- аспекти на пијано едукација – организациските, содржинските и дидактичко-методските (Kolarovska-Gmirja 2001) кои натаму ќе бидат разработени преку параметрите на истражувањето;
- институциите за основно музичко образование во Република Косово – музичките училишта за дополнителното основно музичко образование кои ја вршеле образовната дејност во истражуваниот период;
- периодот 1998-2008 година – временскиот период на промените во општествено-економското и државното уредување на Косово.

Тргнувајќи од претпоставката дека во овој период наставата по пијано во институциите за основно музичко образование се судрила со голем број предизвици заради општествено-политичките настани, се поставува истражувачкиот проблем: дали таа настава

успеала да го зачува образовниот континуитет и развој и имала ефекти врз учениците. Со тоа, се отворија следниве истражувачки прашања:

1. Дали музичките училишта во тој период имале соодветна инфраструктура?
2. Дали наставата по пијано непрекинато се одвивала во музичките училишта?
3. Дали наставниот кадар бил со соодветно образование?
4. Дали постоел интерес за наставата по пијано во тој период?
5. Дали имало соодветна литература за наставата по пијано?
6. Дали наставата по пијано имала ефекти во професионалното насочување на учениците?

## 2. Преглед на литература

### 2.1. Концепт на пијанистичката педагогија

Пијанистичката педагогија настанала со појавата на самиот инструмент пијано на почетокот на XVIII век како продолжение на педагогијата на инструментите со клавијатура. Практиката на учење и поучување на свирење на инструментите со клавијатура отсекогаш го одразувала „интегритетот на музичката култура од тоа време“ (Zafranas 2003: 134), а часовите за свирење на овие инструменти биле составен дел од образованието на децата и младите во семејствата од средната класа. Романтичарскиот пијанизам од XIX-от век води кон процут и на уметноста на пијанистичката изведба, и на пијанистичката педагогија. Во текот на XX-от век, учењето пијано има привилегиран статус во образовните системи на многу земји каде се основани специјализирани државни музички училишта, а како наставна дисциплина продолжува да претставува едно од значајните достигнувања на современите образовни програми на сите нивоа – од предучилишна возраст до универзитет. Современата пијанистичка педагогија носи одлики на таканареченото „доживотно учење“, со часови по пијано за возрасни кои го следат општиот светски тренд дека процесот на усовршување не мора да заврши со редовното школување.

Во денешно време постојат сознанија дека учењето да се свири на инструментот пијано носи бројни придобивки, почнувајќи од моторните и интелектуалните, па сè до развојот на креативноста, имагинацијата и внатрешниот дух. Свирењето на пијано се смета за „едно од најсложените моторни дејствија што ги изведува човечкото суштество“ (Koschevitsky 2015: 3).

Во таа смисла, квалификацијата професионален пијанист претпоставува долго и напорно образование и подразбира одредени лични физички и психолошки предиспозиции. Образованието на иден професионален пијанист обично започнува во раното детство и вклучува многу лични ограничувања и жртви, бидејќи учењето е тешко и бара многу часови секојдневно вежбање во текот на повеќе години.

Современата ера е доминантно определена со употребата на технологијата во сите области на човековата активност и креативност, вклучително и музичката изведба. Денес постои снимена музика достапна на различни уреди. Веќе не е неопходно да се научи да се свири музика за таа да се слушне. И покрај тоа, интересот за студиите за музичката изведба

сè уште е евидентен низ целиот свет. Така, според достапните податоци, само во Кина има повеќе од триесет милиони млади луѓе кои учат свирење пијано (Solso, MacLin & MacLin 2014: 94).

Од перспектива на денешниот човек, не е лесно да се разбере зошто толку многу студенти упорно учат да свират пијано и покрај сите предизвици и тешкотии што ги носи професионалното занимање со музичката изведба. Постојат студии кои покажуваат дека часовите по пијано и други инструменти со клавијатура водат до подобри резултати од просторно-временските тестови кај децата од градинка, и врз основа на тоа, часовите по музика и клавир (клавијатура) се препорачуваат како составен дел на предучилишното образование (Zafranas 2003: 2).

Меѓутоа, децата се мотивирани да научат да свират пијано не само поради ефектите што ги имаат часовите по музика врз нивните когнитивни способности, како да е некој вид лек или ментална терапија. Има нешто друго во свирењето пијано што им се допаѓа на безброј ентузијасти, од XVIII век до модерната технолошка ера.

Постојат два основни пристапа за предавање пијано. Пристапот кој може да се опише како „алгоритамски", е претставен со зборови кои потекнуваат, според усната традиција, од Јохан Себастијан Бах, кој наводно тврдел дека нема ништо извонредно во свирењето и дека „се што треба да направите е да ги погодите вистинските копчиња во вистинското време и инструментот сам свири". Гледано на овој начин, и самата музичка нотација претставува специфичен алгоритам, низа инструкции што се користат за да се изврши препознавање на музичката партитура, и сè што треба да направи изведувачот за да ја отелотвори музиката е да ги следи упатствата. Но, ако ученикот/изведувачот сака „да го открие огромното поле на уметничко толкување", (тогаш) „мора да научи да го перцепира невидливото нешто што ги обединува навидум одвоените ноти, групи, периоди и делови во органска целина" (Hofmann 1920: 8).

Тоа „духовно око за нешто што е невидливо е она што музичарите го имаат на ум кога зборуваат за *читање меѓу редови*, што е истовремено и најфасцинантната и најтешката задача на уметникот- интерпретатор; затоа што, токму меѓу редовите, во литературата како и во музиката, се крие душата на уметничкото дело" (Ibid: 8-9). Бидејќи „да се свират нотите, дури и да се свират правилно, сè уште е многу далеку од правење правда на животот и душата на уметничката композиција" (Ibid: 9).

## 2.2. Основни барања на почетното учење во пијанистичката едукација

За да се разбере како може да функционира целосната методологија на наставата, треба да се идентификуваат основните нешта потребни за да се постават темелите на едно солидно пијанистичко образование. Исто толку значајни се и замките на кои може да се наиде ако почетните чекори не се успешно решени.

Општо земено, главните задачи на наставниците во почетниот период на обука се следниве:

- идентификување на индивидуалните карактеристики на ученикот: талент, музикалност, ритам, аналитички вештини, способност за учење, истрајност;

- проучување на музичките вежби и дела насочени кон развивање на различни техники, како и поттикнување на музикалноста;

- избор на делата кои истовремено се соодветни за програмата за обука а при тоа најмногу одговараат на конкретниот ученик.

Во написите на голем број современи педагози по пијано, особено внимание се посветува на индивидуалните способности на ученикот и индивидуалниот избор на програмата. На пример, во својата статија, В. А. Шуланкина пишува: „Главните задачи што треба да ги постави наставникот на почетокот на обуката е развојот на музичките и изведувачките способности на ученикот“ (Шуланкина 2015: 1).

Ова прашање е толку значајно што наставниците постојано го потенцираат, како, например, Т. С. Артемјева која како една од главните цели на основното образование го посочува развојот на индивидуалните и музичките способности (Артемьева 2014: 4).

Во почетната фаза на обуката, наставникот се соочува со темелна одговорност за правилното поставување на основите на свирење пијано, користење и развивање на индивидуалните карактеристики на ученикот, како и помагање тој/таа да ги совлада и развие вештините што природно ги нема.

Основните елементи за совладување се следниве:

- правилна положба на седење – удобна, но подготвена положба на телото пред инструментот;

- положба на раката – природна, опуштена и максимално удобна положба на прстите, раката и зглобот во однос на инструментот;

- совладување на музичката нотација – читање ноти со различна висина и траење;

- правилен ритам – ритмички точно читање и репродукција на музичкиот текст;

- читање прима виста – способност за брзо и прецизно анализирање на непознатиот нотен запис и негова изведба;

- координација на рака(раце)/око;

- аурални вештини – способност за слушната контрола и воочување на грешки;

- музичка меморија – способност на музичарот да запомни музички партитури;

- поврзаност на прстите – прецизни движења на прстите за да се постигне навремено притиснување и ослободување на клавишите;

- музикалност – внатрешна перцепција на музиката, способност за репродукција на емоции преку продукција на тонот;

- развој на фини моторни вештини – фина техника, контрола на прстите.

И покрај горенаведеното, секој наставник мора да се фокусира на она што тој/таа го смета за најважно. Така, на промер, М. Радвогина за главна задача го смета поставувањето на рацете (Радвогина 2018: 6), додека Е. Џардан пишува дека почетната задача е да го запознае ученикот со ноти (Џардан 2017).

Како што се согледува, сите елементи на совладувањето на свирење пијано се од големо значење. Грешките направени во почетната фаза на учењето и обуката тешко се поправаат подоцна. Повеќето деца имаат пофлексибилен и поприемчив ум отколку возрасните. Во нивните години на формирање, децата имаат тенденција да ги апсорбираат и меморираат сите информации на потраен и понеизбришлив начин што ќе претставува тешкотија доколку некоја погрешна навика треба да се искорени или измени.

Некои од најчестите технички проблеми и проблеми со учењето кои произлегуваат од погрешното почетно поставување се:

- неправилно седење кое доведува до напнатост во вратот, рамењата и рацете, односно вкочанетост што го попречува природното движење;

- неправилна позиција на раката: свирењето со рамни прсти може да предизвика напнатост во зглобот што влијае на техниката и квалитетот на тонот;

- замена на читањето ноти со броеви на прстите: учениците ќе ги учат музичките обрасци преку тактилна меморија наместо идентификација на ноти;

- нагласено користење на клавишите од средниот регистар: доколку се практикува од самиот почеток, тоа може да влијае ученикот да добие ограничена претстава за клавијатурата, а со тоа – и ограничен ментален и физички простор што ќе го отежнува доживувањето на различни локации на поголемата клавијатура;

- недоволно вежбање на читање прима виста, односно занемарување на способноста да се развие координација на рака/око, при што способноста за свирење станува многу понапредна од способноста за читање, отежнувајќи го читањето на нов материјал;

- преголемо потпирање на слушните впечатоци на ученикот: доколку наставникот ја демонстрира музиката пред ученикот да ја расчита, ученикот е способен да користи слушна меморија наместо вештини за читање за да го научи делото.

Р. Кант опишува повеќе од триесет грешки, вклучувајќи неточен ритам, свирење по надворешниот раб на клавишите, лошо држење, премногу сложени дела и, обратно, премногу лесни, задржување на здивот, неправилна положба на прстите – исправени или стегнати (Kant 2012). Наставниците имаат тенденција да ги набројуваат грешките на учениците врз основа на лични набљудувања. Некои грешки се чести и карактеристични за речиси сите, други се индивидуални.

За ова најдобро пишува А. Алексеев: „Некој треба да се пази од слободата на извршување, друг од затегнатоста, едниот сака да го забрза темпото, другиот да го успорува, па затоа е важно самиот ученик да знае кои грешки најчесто ги прави за да ги контролира“ (Алексеев 1970: 19).

Во моментов, наставниците по пијано имаат на располагање широк спектар на наставните методи за пијано и педагошките материјали. Тука може да се воочат како традиционалните методологии кои се потпираат на трансфер на класичното знаење и искуство, така и посовремените кои повеќе се фокусирани на личноста, развојот, психолошките и емоционалните потреби на младиот ученик. Според тоа, наставникот е во состојба да направи педагошки избор врз основа на индивидуалните способности на детето, а во зависност од целта, може да се избере точниот метод што ќе биде соодветен за секој конкретен случај. Во исто време, не е неопходно да се ограничуваме со еден метод, на што укажува Мартинсен, велејќи дека „секој автор бараше и веруваше дека нашол точен и, згора на тоа, единствениот правилен систем на техники погоден за секого“ (Мартинсен 1966: 44).

Интегрираниот пристап може да придонесе за побрз и поразновиден развој на музичките способности на ученикот.

Еден метод може да се смета како помошно средство на патот до целта при совладување на свирењето на инструментот. Главната задача и одговорност ја делат наставникот и ученикот подеднакво. Само нивната заедничка работа може да даде позитивен резултат. Работата на наставникот зависи од способноста да се разбере кој метод ќе биде најдобар за одредено дете, како и од способноста да ги пронајде и развие силните и слабите страни на ученикот и да се задржи интересот за процесот на обучување на свирење пијано.

Работата на ученикот се состои од систематско учење без кое ниту еден метод нема да даде позитивни резултати. Исто толку важно е да се стимулираат мноштво други дополнителни својства кои се надвор од строгата дидактика и педагогија.

Покрај учењето како да се совладаат техничките елементи на свирење пијано, тоа „не може да се направи без чувство за форма, стил, добриот вкус и оригиналност“ (Бузони 1962: 155).

Само со присуството на сите овие компоненти станува возможно да се оствари сестран и правилен музички развој. Иако многу се пишувало за класичните и модерните методи на предавање пијано, се чини дека има недостаток на литература која предлага како овие две одделни и често меѓусебно исклучувачки школи може да се интегрираат за да се создаде синтеза.

### 2.3. Инфраструктура во пијанистичкото образование

Еден од важните фактори на образованието е развиеноста на училишната инфраструктура. Соодветната училишна инфраструктура е од витално значење за поттикнување на средина погодна за учење, обезбедувајќи физичка и ментална благосостојба на учениците.

Инфраструктурата на училиштето може многу да влијае на успехот во образованието на ученикот. Од неа зависи најдобрата можна средина за учење и можноста учениците да го остварат својот потенцијал. Може да се создаде средина погодна за учење преку соодветната училишна инфраструктура, која вклучува соодветни простори различни според

намената и опременоста со висококвалитетен мебел и наставни средства, во случајот на наставата по пијано – со квалитетни инструменти, како и пристап до воннаставни активности.

Училишната инфраструктура се однесува на физичките и организациски структури и капацитети потребни за функционирање на едно училиште: згради, училници, лаборатории, библиотеки, сали, игралишта и опрема.

Училишната инфраструктура игра важна улога во обликувањето на квалитетот на образованието. Таа влијае врз средината за учење и врз севкупниот развој и благосостојба на учениците и вработените. Со инвестирање во робусна инфраструктура, можеме да создадеме училишта кои ги едуцираат, инспирираат и ги зајакнуваат идните генерации.

Секое училиште како засебна образовна установа треба да има соодветна зграда која подразбира доволен број на простории, наставни средства и материјали, а во музичките училишта – инструментите, пред сè пијаната и пијанината. Во трудовите посветени на педагогијата на пијаното, покрај други елементи, се нагласува значењето на просториите во кои се изведуваат наставните и концертните активности, инструментариумот и други материјално-просторни услови. Така, истражувачите истакнуваат дека просторијата „...мора да биде доволно акустички изолирана... мора да има соодветна светлина, да се загрева на начин со кој нема да се оштетат инструментите и здравјето на присутните и, доколку наставникот внимава на проблематиката поврзана со физиологијата и правилниот став на ученикот, мора да биде опремена со анатомски прилагодени столчиња“ (Piva, Cao 2010: 140).

### 2.4. Наставен кадар

Наставникот по пијано во основното музичко образование има клучна улога во успешниот развој на младиот пијанист. Истражувачите и практичарите укажуваат на специфичноста на наставната дејност на педагогот по пијано: „оној кој ќе предава не може да биде третиран како механичар кој учи занает. Секој во својата кариера ќе има посебни проблеми кои треба да ги решава и кои детално се разликуваат од проблемите на кој било друг наставник“ (Crappell 2019: 19).

Опсегот на професионалните квалитети кај наставниците по пијано е несомнено широк.

Слушањето големи пијанисти не само што чудесно влијае на музицирањето на ученикот туку и на неговата моторна сфера (Koschevitsky 2015: 17). Факторите кои влијаат на квалитетот на дејноста на наставникот по пијано вклучуваат компетентност во музичката изведба, познавање на музичките жанрови, музичката историја и теорија, репертоарот на пијаното, искуство во наставата, способност да се прилагоди наставниот метод на учениците со различни карактеристики на личноста, стиловите на учење, нивото на образованието итн.

Многу важен аспект во едукативната комуникација е и психолошкиот аспект во односот ученик-наставник за време на часовите или мастер класите. Како што вели познатиот пијанист и професор Менахем Преслер, потенцирајќи дека секој ученик е засебна индивидуа, „кога имате тројца ученици кои свират исто дело, тие не би можеле да го свират еднакво бидејќи самите се различни“ (според Brown 2008: 46).

Искреноста и човечноста во комуникацијата се елементите кои на учениците им се особено важни кај нивните наставници и овозможуваат постабилен однос во нивната едукативна соработка: „ако ученикот го познава и го сака наставникот, таквиот однос може да го мотивира ученикот да започне учење музика повеќе отколку самата активност. Учениците сакаат ентузијастички, сигурни и искрени наставници“ (Mixon 2011: 11).

Емпатијата, поддршката, страста и способноста за инспирација се многу важни елементи на карактерот на наставникот. Ученикот треба да се чувствува безбедно и слободно пред својот наставник за да поставува прашања и да биде отворен да ги изразува своите потешкотии и потреби. Како што вели истражувачот, „иако основната улога на наставникот е да биде учител а не пријател, учениците можат да ја почувствуваат топлината и вистинската грижа на наставникот и да научат да веруваат дека наставникот ќе ги слуша и ќе одговори на нивните потреби на грижлив начин“ (Jacobson 2006: 2)

Познавањето на карактерот на ученикот, исто така, е еден од најважните елементи за да се има најсоодветен и најфер пристап кон ученикот: „по некое време ќе сфатите дека секој од луѓето што ги учите има оган во себе, дека има места што не ги допирате затоа што тоа ги боли и ќе ве боли вас. Но, тоа не е даденост, никаде не пишува за тоа“ (Brown 2008: 46).

Фигурата на наставникот по музика, но и на наставниците воопшто, е тесно поврзана со општествениот живот и со неговите вредности како индивидуа. Пред наставникот да побара одредено однесување и реакција од ученикот, тој мора да биде свесен за начинот на кој ученикот комуницира со околината, за неговите ставови кон музиката, неговите мислења, односите со заедницата на ученици и родители (Froehlich 2007).

Од големо значење е наставникот по пијано да биде квалификуван пијанист, а во денешно време на потребата од постојано стручно усовршување – и со последипломските нивоа на квалификација какви што се магистерски и докторски студии. Таквите стручни квалификации на наставникот по пијано му ги нудат сите информации за техничките и интерпретациските проблеми и прашања во подготовката на пијанистот: поставувањето на телото/раката/прстите на клавијатурата, педалите, работата на тонот, начинот на секојдневно вежбање, како и уметничко-интерпретациската димензија на изведбата. Во центарот на вниманието на пијанистичката работа воопшто, односно педагошката работа со ученикот е постигнувањето на убав и разновидно обоен тон при изведбата на инструментот. За улогата на пијанистичкиот тон зборуваат врвните пијанисти и педагози – на пример, Хајнрих Нојхаус, според кој „суштината не е звукот воопшто, туку тонот произведен на пијаното од раката на пијанистот; тонот е супстанца на музиката; облагородувајќи го и усовршувајќи го, самата музика ја подигнуваме на поголемо ниво“ (според Stolz 2020: 39).

Со ова кореспондира и мислењето на Јосиф Левин за кого „убавиот тон вклучува умот и телото, односно, покрај способноста да се замисли убав тон ментално, богатството, певливоста и квалитетот на тонот во голема мера зависат од количината на површината на клавишата покриена со амортизираниот дел од прстот и од природниот „федер“ на слободниот зглоб“ (според Stolz 2020: 39).

### 2.5. Воннаставни активности на учениците и наставниците

Учењето на инструментот би било нецелосно доколку пијанистот, како и кој било друг изведувач не се соочи со предизвиците на јавниот настап, вклучително и натпреварите. Тие имаат големо влијание врз професионалниот растеж на инструменталистот. За учество на натпреварот за класична музика потребна е одредена професионална подготовка за

дадена возраст, иако постојат и натпревари за аматери, како и исполнување на минималните критериуми за натпреварот, како што е изборот на соодветна програма за дадена категорија. За подготовката и учеството на натпреварот потребна е посебна посветеност, многу часови дополнително вежбање, не само од страна на ученикот, туку и дополнително време и усилби од страна на наставникот за да се постигне уметничка и ментална подготовка, надминување на стрес и соодветно сценско однесување. Во овој период од особено значење е да се работи со наставник кој е професионален пијанист со соодветно додипломско или последипломско образование, кој ги знае овие специфики од лично концертно искуство.

За наставниците, покрај зголемениот напор при подготовката на учениците, натпреварите претставуваат можност за членство во жири, што исто така претставува напорна работа, но и можност за запознавање со работата на колегите и учениците од други средини и изострување на критериумите за оценување на учесниците.

Не само натпреварите, туку и мастер класите, интерните часови, различните класни концерти на кои учениците меѓусебно се слушаат, ги доживуваат критиките, дискусиите и слично, ја зголемуваат меѓусебната одговорност на релацијата ученик-наставник, а со тоа го зголемуваат квалитетот на пијанистичкиот развој на ученикот. За ова последното да биде што е можно подостапно, на пример, на натпревари за класична музика, победникот треба да се стимулира не само со диплома или сертификат со освоените поени, туку со можност да настапува со оркестри, на меѓународни фестивали, мастер класи со пијанисти со меѓународна кариера итн. Оценувањето од страна на жирито мора да биде од компетентен пијанист и професор од областа кој е способен да ги истакне главните елементи на изведбата и да ги препознае индивидуалните квалитети и потенцијалот на младите учесници: „Натпреварот по пијано има тенденција да го ограничи репертоарот на младиот пијанист дури и подалеку од конзерваториумот, а бидејќи најраните години се најважни, ова може да стане хендикеп за живот” (Rosen 2002: 23). Сложеноста на работењето во жиријата на натпреварите дополнително е условена и со времетраењето на натпреварите, односно неопходноста да се преслушуваат голем број учесници во текот на повеќе часови дневно неколку дена по ред: „...по неколку почетни часови следење на текстуалниот план и кумулативните акустични резултати во настапите на натпреварувачите, членовите на жирито го стеснуваат своето внимание на формалните аспекти на изведбата: брзина,

чистота на звукот, правилни ноти, правилен ритам, професионална употреба на педалата и спорадично и идиоматско фразирање“ (Plavin 2022: 91).

За проблемите на субјективното толкување на интерпретациските елементи при оценување на изведбата зборува и Алан Херш во книгата „A Pianist's Dictionary, Reflections on a Life“ (Hersh 2010).

### 2.6. Библиотека и литература за пијано

Изборот на учебникот или почетниот метод за изучување на инструментот пијано е многу важен, затоа што ќе помогне да се решат клучните проблеми околу поставувањето на раката и почетната пијанистичка техника и ќе ја систематизира работата на наставникот и ученикот. Ако ученикот, особено во почетна фаза на учењето, наиде на тешкотии во неколку дела по ред, тогаш тој е на пат да го изгуби интересот и желбата да продолжи со часовите по пијано. Според Макс Камп, „...лошо организираните учебници по пијано секако можат да застанат на патот на ученикот кон успешно градење на сите важни темели за ориентацијата во нотниот текст“ (Camp 1992: 17).

Во таа смисла, важно е поседување на квалитетни нотни изданија и учебници во приватните библиотеки на наставниците, но и во училишните библиотеки и нототеки.

## 3. Метод

Насоченоста на истражувањето кон наставата по пијано во институциите за основното музичко образование во Косово во временскиот период 1998-2008 година ја услови потребата да се опфатат сите државни училишта чиешто основање датира во периодот на поранешната СФРЈ кои функционираа во дадениов период и кои продолжуваат со својата работа до денес, и да се соберат релевантни податоци кои се однесуваат на различните аспекти на наставата по пијано.

### 3.1. Дизајн на истражувањето

3.1.1. Популација на истражувањето

Популацијата на истражувањето ја сочинуваа постоечките основни музички училишта/оддели во Косово кои функционираа во периодот на нашето истражување:

Основно и средно музичко училиште „Пренк Јакова“ – Приштина;

Основно и средно музичко училиште „Пренк Јакова“ – Ѓаковица;

Основно и средно музичко училиште „Тефта Ташко“ – Митровица;

Државното музичко училиште „Халит Касаполи“ – Пеќ;

Основно и средно музичко училиште „Лоренц Антони“ – Призрен;

Основно и средно музичко училиште „Ческ Задеја“ – Урошевац;

Основното музичко училиште ,,Гнилане“ – Гнилане.

3.1.2. Истражувачкиот инструмент

За да се истражат аспектите на наставата по пијано во институциите за основно музичко образование во Косово – организациските, содржинските и дидактичко-методските – ги одредивме *параметрите на истражувањето*:

- инфраструктура на училиштата;
- наставен кадар;
- воннаставни активности на учениците и наставниците;
- литература за наставата по пијано и опременоста на библиотеките;

- ефекти на наставата по пијано во натамошното професионално насочување на учениците.

За собирање на податоците ги проучувавме материјалите од архивата на училиштата: наставничката книга и училишните дневници, како и зачуваните лични дневници на наставниците.

Со оглед на тоа дека голем број документи од овој временски период не се зачувани заради воените настани, за дополнување на податоците направивме интервјуа со директорите, наставниците и учениците по пијано – поранешните и сегашните – во означените училишта (на средби во живо, по телефон и преку електронска пошта) со прашањата кои се однесуваа на наведените параметри.

Ваквата насоченот на истражувањето кон сеопфатниот приказ на дејноста на секое поединично училиште ја услови неговата методолошка поставеност во вид на студии на случај со квалитативен пристап кои потоа се споредуваа и ги формираа заедничките резултати за аспектите на наставата по пијано во институциите за основно музичко образование во Косово во посочениот период.

### 3.1.3. Процедура

По дефинирањето на параметрите на истражувањето и утврдување на листата на основните музички училишта беа контактирани нивните раководители и се побара пристапот кон училишните архиви. По увидот во наставниот кадар кој предаваше во училиштата во означениот период беа направени интервјуа со тогашните но и сегашните наставници по пијано кои имаат сознанија за условите и начините на одржување на наставата по пијано во периодот 1998-2008 година.

## 3.2. Претставување на резултатите

Добиените резултати се претставени преку табели и текстуално толкување на добиените податоци.

### 3.3. Методолошки ограничувања

Главното ограничување на истражувањето беше некомплетноста на документацијата и архивите, со оглед на временскиот период кога се случуваа општествено-политичките немири.

### 3.4. Етички прашања

Учеството во истражувањето беше на доброволна основа, со согласност за користење и прикажување на податоците од учесниците.

## 4. Резултати

### 4.1. Краток историјат, инфраструктура и наставен кадар на основните музички училишта во Косово

4.1.1. Основното музичкото училиште „Пренк Јакова“ - Приштина

4.1.1.1. Краток историјат

Музичкото училиште „Пренк Јакова“ во Приштина датира од 1949 година, и на почетокот претставувало училиште за основно (или нижо, како што честопати може да се сретне во литературата и документите) музичко образование. Првиот инструмент за кој се организирала наставата било токму пијаното. Во 1961 година се отворил средниот оддел со теоретска и инструментална насока. Првично, основното училиште имало само две паралелки. За средношколците не постојат зачувани писмени податоци до 1969 година.

Училиштето го добило името на Пренк Јакова[1], кој бил еден од најголемите дејци на албанската музика во историјата.

Во дадениов период музичкото училиште „Пренк Јакова“ во Приштина нуди школување на учениците по инструментите пијано, гитара, виолина, виолончело, флејта, кларинет, удирачки инструменти и насоката балет во долниот и долниот среден циклус. Во

---

[1] Пренк Јакова, познатиот скадарски композитор, е роден на 27 јуни 1917 година во семејство со потекло од Ѓаковица.

горниот среден циклус се нуди наставата на инструменталната и теоретската насока. На инструменталната насока може да се изучуваат инструментите пијано, гитара, виолина, виола, виолончело, контрабас, флејта, кларинет, тромбон, хорна, труба, како и соло пеење.

#### 4.1.1.2. Инфраструктура

Музичкото училиште во Приштина од почетокот на работата имало двокатна зграда, со вкупно 4 училници, концертна сала и просторија за наставници, како и дрвени бараки во училишниот двор. Во условите на воените настани, во текот на 1998 година, часовите сепак делумно се одржувале во училишниот објект, иако во многу тешки услови, несоодветни за учење и развивање на музичката уметност, како што наложуваат програмите по инструменти. Во март 1999 година наставата била целосно прекината, што претставувало најголемата несреќа што можела да му се случи на културно-образовниот систем како што е музичкото образование. Исто така, се користеле и приватни куќи за колку што се може да се задржи континуитетот на наставата. Иако завршувањето на воените настани се случило во јуни 1999 година, наставата продолжила да се одвива во истиот објект од 2001 година, сè до крајот на периодот на нашето истражување, односно до 2008 година. За жал, денес училиштето нема своја зграда, туку користи простории од Средното медицинско училиште меѓу кои и адаптирана просторија со пијано за одржување испити и концерти, балетска сала, архива и канцеларии.

#### 4.1.1.3. Наставен кадар

Врз основа на наставничката книга на музичкото училиште „Пренк Јакова“ во Приштина, го комплетиравме составот на наставниот кадар по пијано кој е прикажан во Прилог бр. 1.

Се согледува дека наставниот кадар по пијано првично го сочинувале наставниците со несоодветни квалификации. Почнувајќи од 1962 година, се врши евиденцијата на наставниците (во нашето истражување ја презентиравме табелата на наставници кои работеле во периодот 1998-2008 година). Како први се регистрирани наставникот П. Нимани а потоа и учителот Л. Балата од 1972 година. Овие наставници секако не биле

првите воопшто, но нема други докази зачувани пред 1962 година. Иако и двајцата споменати наставници не биле професионални пијанисти, тие биле едни од оние кои внесувале дисциплина и ред во наставниот процес. Класата по пијано броела 17 ученици, а во периодот на нашето истражување 1998-2008, од овие двајца наставници евидентирани се 2 завршени ученици кои професионално се занимаваат со пијано. Еден од нив е професор по пијано во училиштето „Пренк Јакова“ во Приштина, додека другата магистрирала пијано и својата дејност како пијанист ја продолжила во Соединетите Американски Држави. Меѓу завршените ученици има соло пејач, композитор, телевизиски водител. Уште четворица наставници кои го предавале предметот пијано во периодот 1998-2008 година ја завршиле Музичката академија - педагошка насока. Од 1987 година почнале да работат првите кадри со соодветни квалификации, односно додипломски студии по пијано и магистри по пијано. Може да се каже дека од оваа година започнуваат значителни промени во однос на третманот на наставата по пијано кои ќе бидат евидентни во наредните години. Од вкупно 19 дипломирани пијанисти и магистри по пијано кои работеле во периодот на нашето истражување, двајца денес се со стекнато звање доктор на науки, односно доктор по уметности – пијанистичка интерпретација, а уште двајца се докторанди по пијано.

Важноста на наставата по пијано под раководство на квалификуван педагог-пијанист се потврдува со фактот дека во рок од 21 година, односно од 1987 година кога почнале да предаваат дипломираните наставници по пијано, до 2008 година, се бројат вкупно 17 завршени ученици кои професионално се определиле за дејноста поврзана со изведбата и педагогијата на пијаното: концертен пијанист, професор по пијано, професор на Факултетот за уметности и корепетитор.

Класите по пијано во основното музичко училиште главно броеле 17 ученици, но има случаи кога кај еден наставник имало и до 20 ученици. Нивниот број варира од година во година. Во текот на овие години евидентно е и отсуството на голем број дневници. Податоците се добиени и од интервјуата со проф. Елизабете Ќари, Лирика Пула, Сузана Јакупи и др.

Бројот на учениците во класите по пијано во средното училиште изнесувал 8 ученици. И за овие податоци очигледен е недостатокот на дневници. Податоците се добиени и од интервјуата  и разговорите со проф. Мисбах Качамаку, Сузана Јакупи, Агрон Шујаку.

Бројот на учениците во класите по облигатно пијано бил 17.

Во наредната табела е прикажан бројот на класите по пијано и приближен број на учениците во нив.

**Табела бр. 1.**

Број на класите по пијано во музичкото училиште „Пренк Јакова“ – Приштина, насока пијано според учебните години и приближниот број на учениците во класот.

| Учебна година | Број на класите по пијано | Приближен број на учениците во класот |
|---|---|---|
| 1998-99 | 7 | 17 |
| 1999-2000 | 7 | 17 |
| 2000-01 | 8 | 17 |
| 2001-02 | 11 | 17 |
| 2002-03 | 11 | 17 |
| 2003-04 | 12 | 17 |
| 2004-05 | 13 | 17 |
| 2005-06 | 19 | 18 |
| 2006-07 | 20 | 18 |
| 2007-08 | 20 | 17 |

Во наредната табела е прикажан бројот на учениците кои се стекнале со звање пијанист и продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното.

**Табела бр. 2.**

Наставниците по пијано во музичкото училиште „Пренк Јакова“ – Приштина, периодот на работата и бројот на учениците кои продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното.

| | Наставник/наставничка | Периодот на работата во училиштето | Бројот на учениците кои продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното |
|---|---|---|---|
| 1. | Пасионаре Нимани | 1969-2012 | 1 |
| 2. | Летафете Расим Балата | 1972-2013 | 1 |
| 3. | Дијана Чамил Мухаѓери | Од 1983 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Дрита Деде Красничи | Од 1990 | / |
| 5. | Сузана Мухарем Јакупи | 1987-2016 | 1 |
| 6. | Виолета Илаз Асланај | Од 1991 | 1 |
| 7. | Влора Барлет Барути | Од 1991 | / |
| 8. | Елизабете Мехмет Ќари | 1993-2011 | / |
| 9. | Илириана Абдулазиз Куриу | Од 1994 | 4 |
| 10. | Агрон Сабедин Шујаку | 1997-2022 | / |
| 11. | Шќипе Мустафе Емра | 1998-2013 | / |
| 12. | Мисбах Али Качамаку | 1998-2009 | / |
| 13. | Сихана Фаик Бунјаку | Од 2000 | / |
| 14. | Алба Исак Мучоли | 2001-2018 | / |
| 15. | Артемида Мехмет Ќари | 2001 – 2008<br>2014-2022 | 2 |
| 16. | Мимоза Исмаили | 2001-2007 | / |
| 17. | Аида Авдурахман Џиколи | Од 2004 | 1 |
| 18. | Јета Бесим Думница | 2005-2008 | 1 |
| 19. | Јета Агрон Бујари | Од 2005 | / |
| 20. | Фатон Хасан Хасани | 2005-2006 | / |
| 21. | Неритан Хуса | 2005-2013 | / |
| 22. | Пранвера Хоџа | 2005-2022 | 3 |
| 23. | Висар Османи | Од 2006 | 1 |
| 24. | Лирика Пула | 2005-2020 | 1 |

Покрај овие евидентирани пијанисти, од Прилог бр. 1 може да се забележи дека од класите по пијано во музичкото училиште „Пренк Јакова“ во Приштина излегоа и музичарите од други профили (1 од соло пеење и 2 од композиција), како и претставниците на други уметнички професии (1 од тонско снимање и 1 од балет).

### 4.1.2. Основното музичкото училиште „Пренк Јакова“ - Ѓаковица

#### 4.1.2.1. Краток историјат

Во 1970 година во Советот за образование и култура на општина Ѓаковица е донесена одлуката за формирање на училиштето кое на почетокот претставувало училиште за основно музичко образование или нижо музичко училиште. Во 2009 година се отворил средниот оддел со теоретската и инструменталната насока. Првично, основното училиште имало само две паралелки. Првите инструменти за кои се организирала наставата биле пијаното и виолина.

Како и училиштето во Приштина, ова училиште го носи името на Пренк Јакова.

За жал, податоците училиштето од периодот на нашето истражување се малку зачувани и пристапот е ограничен.

Во дадениов период музичкото училиште „Пренк Јакова“ – Ѓаковица нуди школување по инструментите пијано, гитара, виолина, виолончело, флејта, кларинет и удирачки инструменти. Во горниот среден циклус се нуди наставата на инструменталната и теоретската насока. На инструменталната насока може да се изучуваат инструментите пијано, гитара, виолина, виола, виолончело, контрабас, флејта, кларинет, тромбон, хорна, труба, како и соло пеење.

Како и во градот Гнилане, старото музичко училиште во градот Ѓаковица беше предметот на културното наследство на земјата. Во 2018-19, Доротеа и Георг Фанхаузер, швајцарскиот пар од Базел, почнаа да го поддржуваат музичкото училиште во Ѓаковица. Оттогаш, училиштето доживува подем и зголемување на квалитетот на неговата дејност. Новите ученици по музика постојано се претставуваат на концерти, демонстирајќи ги своите навики и напредок.

Училиштето е прогласено за најдобро во Република Косово на 27 декември 2020 година. Наградата е добиена во рамките на Националната програма за млади и спорт, каде што се натпреварувале 316.000 ученици од сите училишта во Република Косово, од основно до средно и вишо средно образование, од сите општини во Косово. Учениците од ова училиште најмногу учествувале на разни натпревари за класична музика, меѓу кои и настапот на учениците во камерната сала во Берлин по аудицијата која се одржува две последователни години на Spectrum Concerts Берлин.

#### 4.1.2.2. Инфраструктура

Пред 1990-тите години, музичкото училиште ги вршело своите активности во училишната зграда, додека непосредно пред 1998 година, музичкото училиште работело во поранешната армиска касарна – добар објект со добри услови, но несоодветен за музичко училиште заради мал простор, што не ги задоволувало барањата на музичко училиште.

Од 1998 до 2001 година, музичкото училиште било сместено во зграда заедно со уште неколку различни институции. На музичкото училиште му бил отстапен првиот кат од зградата. Овој објект се наоѓал многу блиску до музејот во Ѓаковица и многу блиску до куќата на семејството Криезиу (беглерска фамилија за време на Втората светска војна). Од 2001 година училиштето е преместено во просториите на верското училиште Медреса или „Мектепи Руждие" на турски јазик (верското училиште во кое Турците им овозможиле на Албанците да учат на својот мајчин јазик) каде што на многу генерации во оваа установа предавале првите професори по музика.

Новата зграда на музичкото училиште постои од 2009 година, а свеченото отворање се одржа во 2010 година. Новото музичко училиште има исклучително добра инфраструктура. Градбата на новото училиште ги исполнува сите услови, меѓу другото, училиштето е помогнато со набавка на музичките инструменти од гореспоменатиот швајцарски пар, како и со донации. Најдоброто нешто што го има музичкото училиште во Ѓаковица е неговата автономија на дејствување, што е повеќе од важно за правилното функционирање на една институција, особено на образовната институција за уметност и култура. Музичкото училиште „Пренк Јакова" во Ѓаковица е единственото училиште кое има концертна сала со 240 седишта. Благодарејќи на ваквите услови, училиштето има многу фестивали и активности на национално ниво кои редовно се одржуваат и развиваат токму поради постоечката професионална инфраструктура. Училиштето ги има и потребните ормари за ударни инструменти, кои имаат свои специфики, како што е соодветна изолација поради големата бучава што ја создаваат. Како резултат на добрите услови за работа, учениците од ова училиште низ годините покажуваат извонредни резултати со значајни концерти и активности во странство (KlanKosova 2020).

4.1.2.3. Наставен кадар

Врз основа на достапните податоци од наставничката книга на музичкото училиште „Пренк Јакова“ во Ѓаковица кадешто нема евиденција за 1980-90-тите години, го комплетиравме составот на наставниот кадар по пијано кој е прикажан во Прилог бр. 2.

Се согледува дека наставниот кадар по пијано првично го сочинувале наставниците со несоодветни квалификации. Како први се регистрирани наставниците Селами Балата и Шефќет Казази од 1970 година, а од 2000 година таму предаваат Арбен Раци, Бесим Чори, Мимоза Куршумлија, Бехар Арлати. Класата по пијано броела 15-17 ученици, а во периодот на нашето истражување од 1998 година, од шестте наставници евидентирани се 14 завршени ученици кои професионално се занимаваат со пијано.

Во наредната табела е прикажан бројот на класите по пијано и приближен број на учениците во нив.

**Табела бр. 3.**

Број на класите по пијано на музичкото училиште „Пренк Јакова“ – Ѓаковица, насока пијано според учебните години и приближниот број на учениците во класот.

| Учебна година | Број на класите по пијано | Приближен број на учениците во класот |
|---|---|---|
| 1998-99 | 1 | 15 |
| 1999-2000 | 2 | 15 |
| 2000-01 | 2 | 17 |
| 2001-02 | 1 | 17 |
| 2002-03 | 3 | 17 |
| 2003-04 | 5 | 16 |
| 2004-05 | 5 | 17 |
| 2005-06 | 5 | 16 |
| 2006-07 | 6 | 16 |
| 2007-08 | 6 | 17 |

Во наредната табела е прикажан бројот на ученици кои се стекнале со звање пијанист и продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното.

**Табела бр. 4.**

Наставниците по пијано во музичкото училиште „Пренк Јакова“ – Ѓаковица, периодот на работата и бројот на учениците кои продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното.

| | Наставник/наставничка | Периодот на работата во училиштето | Бројот на учениците кои продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното |
|---|---|---|---|
| 1. | Селами Балата | 1970-2010 | 2 |
| 2. | Арбен Раци | Од 2000 | 3 |
| 3. | Бесим Чори | Од 2000 | 5 |
| 4. | Мимоза Куршумлија | Од 2004 | 2 |
| 5. | Бехар Арлати | Од 2005 | 1 |
| 6. | Шефќет Казази | Од 1970 | 1 |

### 4.1.3. Основното музичко училиште „Тефта Ташко“ - Митровица

#### 4.1.3.1. Краток историјат

Основното музичко училиште „Тефта Ташко“ во Митровица е основано во 1954 како основно музичко училиште, а во 1998 година започна со работа и со средно образование како дел од училиштето „Пренк Јакова“ во Приштина. Од 2005 година ова училиште работи како самостојно основно и средно училиште под името „Тефта Ташко“. Првите инструменти за кои се организирала наставата биле пијано, гитара и виолина.

Денес, основното музичко училиште во Митровица „Тефта Ташко“ нуди часови по инструментите пијано, виолина, виола, виолончело, контрабас, флејта, кларинет и труба.

#### 4.1.3.2. Инфраструктура

Музичкото училиште во Митровица неформално започнало со работа во 1953 година, но официјално во 1954 година. Тоа е второ музичко училиште во Косово, по она во Призрен.

Првата зграда била за различни намени, меѓу кои и за стручното училиште, но претходно во неа било и првото основно училиште на албански јазик. Оваа зграда била урната и покрај противењето на тогашната директорка на училиштето Лирије Халили Коши, која инсистирала објектот да се реновира и одржува.

Од 2007 година музичкото училиште се наоѓа во поранешната командна зграда на Заштитниот корпус на Косово (претходен Дом на Армијата во Митровица, кој бил касарна на југословенската армија). Од 2007 година во оваа зграда се сместени Музејот на градот Митровица, музичкото училиште и други институции.

Музичкото училиште во Митровица е едно од музичките училишта со најтешката инфраструктурна состојба. Според изјавата на директорот за урбанизам во општина Митровица, зградата е во толку застарена состојба што е во опасност од пропаѓање. Застареноста на зградата резултира и со нефункционалноста на училниците, особено во периоди на врнежи, кога одржувањето на редовниот образовен процес е невозможно бидејќи ѕидовите се оштетени и врнежите продираат дури и во училиштето и училниците. Ваквата лоша состојба на училишната зграда и отсуство на планот за решавањето на овој проблем го отежнува редовниот наставен процес во ова училиште кадешто учат околу 300 ученици во основниот и средниот оддели.

#### 4.1.3.3. Наставен кадар

Врз основа на достапните податоци од наставничката книга на музичкото училиште „Тефта Ташко“ – Митровица во која немаше податоци за периодот до 1990-тите години, го комплетиравме составот на наставниот кадар по пијано кој е прикажан во Прилог бр. 3.

Се согледува дека наставниот кадар по пијано во периодот од 1990 година првично го сочинувале наставниците со несоодветни квалификации. Како прв е регистриран наставникот Енди Абраши од 1990 година, а од 2000 година таму предаваат Мирлинда

Мехмети, Фисник Комтраши, Мисбах Качамаку, Јета Думница, Саранда Кутловци Сула, Аниса Суходоли, Лиридона Музури, Флорита Раифи и Феланза Османи. Класата по пијано броела 15-17 ученици, а во периодот на нашето истражување од 1998 година, од тројца наставници евидентирани се 3 завршени ученици кои професионално се занимаваат со пијано.

Во наредната табела е прикажан бројот на класите по пијано и приближен број на учениците во нив.

**Табела бр. 5.**

Број на класите по пијано на музичкото училиште „Тефта Ташко“ - Митровица, насока пијано според учебните години и приближниот број на учениците во класот.

| Учебна година | Број на класите по пијано | Приближен број на учениците во класот |
|---|---|---|
| 1998-99 | 2 | 15 |
| 1999-2000 | 2 | 15 |
| 2000-01 | 3 | 17 |
| 2001-02 | 3 | 17 |
| 2002-03 | 5 | 17 |
| 2003-04 | 5 | 16 |
| 2004-05 | 5 | 17 |
| 2005-06 | 5 | 16 |
| 2006-07 | 7 | 16 |
| 2007-08 | 7 | 17 |

Во наредната табела е прикажан бројот на ученици кои се стекнале со звање пијанист и продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното.

**Табела бр. 6.**

Наставниците по пијано во музичкото училиште „Тефта Ташко“ - Митровица, периодот на работата и бројот на учениците кои продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното.

| | Наставник/наставничка | Периодот на работата во училиштето | Бројот на учениците кои продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното |
|---|---|---|---|
| 1. | Мирлинда Мехмети | Од 2007 | / |
| 2. | Енди Абраши | Од 1990 | 1 |
| 3. | Фисник Комтраши | Од 2007 | / |
| 4. | Мисбах Качамаку | 2002-2005 | 1 |
| 5. | Јета Думница | 2002-2005 | / |
| 6. | Саранда Кутловци Сула | Од 2000 | / |
| 7. | Аниса Суходоли | Од 2007 | / |
| 8. | Лиридона Музури | Од 2007 | 1 |
| 9. | Флорита Раифи | 1991-1999 | / |
| 10. | Феланза Османи | Од 2007 | / |

4.1.4. Основното музичко училиште „Халит Касаполи“ – Пеќ

4.1.4.1. Краток историјат

Училиштето за основно образование од профилот на музика во Пеќ е отворено во 1976 година по иницијатива на ОСИЗ за образование и култура, односно со иницијатива на нејзиниот секретар за образование Садик Укела како и многу други интелектуалци од градот Пеќ, а потоа во 2004 добило статус на Државно музичко училиште. Своите први чекори училиштето ги направило во домот на културата (третиот кат) и имало на располагање шест училници, канцеларија за директор и просторија за наставници.

Првиот инструмент за кој се организирала наставата било пијаното. Во почетокот работата ја вршел самиот секретар за образование на ОСИЗ Садик Укела, кој имал и надзорник. Нуше Демири била наставничка по пијано, додека другите административни и финансиски работи ги извршувал Скендер Мула.

Во тој период во првата година биле примени 70 ученици за инструментите пијано, виолина, гитара, кларинет и флејта. Недостатокот на стручниот кадар се решавал со ангажирање наставници од другите градови на Косово: Призрен, Приштина и Ѓаковица.

Училиштето имало за цел да отвори и други инструментални насоки како виолончело, контрабас и соло пеење. Отворањето на гудачките класи по виолончело и контрабас, овозможило постигнување и комплетирање на профилите и, следствено, формирање на училишниот оркестар.

### 4.1.4.2. Инфраструктура

Инфраструктурата била донекаде задоволителна, но опременоста на училниците со инструменти не беше задоволителна. Наставата се прекинала во почетокот на 1999 година по започнувањето на војната во Косово, кога објектот на училиштето се користел за воени дејствија на војската на Србија.

По завршувањето на војната на крајот на 1999 година, враќањето во училишната зграда било невозможно бидејќи во оваа зграда се стационирала полицијата на УНМИК. На училиштето му бил доделен простор на домот на културата, но недоволен и со недостиг на инструменти за одвивање на наставата.

Училиштето денес е сместено во новиот објект со инфраструктура на европско ниво, но сѐ уште останува проблемот со опременоста со инструменти.

Свеченото отворање на новиот објект на музичкото училиште „Халит Касаполи“ се одржа во мај 2022 година. Неговата инфраструктура веќе вклучува 14 училници, две сали за вежбање и концертна сала. Зградата има 3 ката. Овие услови се постигнати по шест години градежни работи. Училниците имаат професионална акустика која овозможува квалитетен развој на наставата, што е исклучително важно за постигнување на професионалното прикажување на бојата, динамиката и многу други акустички елементи во музиката.

Доволниот простор во новиот објект го олесни и процесот на изготвување на распоредот на наставата во споредба со стариот објект кога тоа беше вистинска пречка.

Средното музичко училиште во Пеќ работи од учебната 2008-2009 година, но како огранок на нижата гимназија постои од 1976 г.

4.1.4.3. Наставен кадар

Врз основа на податоците од наставничката книга на музичкото училиште „Халит Касаполи" – Пеќ кадешто недостасуваат податоците за периодот до 1990-тите години, го комплетиравме составот на наставниот кадар по пијано кој е прикажан во Прилог бр. 4.

Се согледува дека наставниот кадар по пијано во периодот 1990-тите до денес година првично го сочинувале наставниците со несоодветни квалификации. Како прва е регистрирана наставничката Зана Баша од 1990, а од 2000 година таму предаваат Блерта Хоџа Данчја, Мимоза Пајазити, Крешник Аличкај и Елвис Курпејовиќ. Класата по пијано броела 15-16 ученици, а во периодот на нашето истражување од 1998 година, евидентирани се 3 завршени ученици кои професионално се занимаваат со пијано.

Во наредната табела е прикажан бројот на класите по пијано и приближен број на учениците во нив.

**Табела бр. 7.**

Број на класите по пијано на музичкото училиште „Халит Касаполи" – Пеќ, насока пијано според учебните години и приближниот број на учениците во класот.

| Учебна година | Број на класите по пијано | Приближен број на учениците во класот |
|---|---|---|
| 1998-99 | 1 | 15 |
| 1999-2000 | 1 | 15 |
| 2000-01 | 3 | 15 |
| 2001-02 | 3 | 15 |
| 2002-03 | 1 | 16 |
| 2003-04 | 2 | 16 |

| | | |
|---|---|---|
| 2004-05 | 2 | 16 |
| 2005-06 | 2 | 16 |
| 2006-07 | 2 | 16 |
| 2007-08 | 2 | 15 |

Во наредната табела е прикажан бројот на ученици кои се стекнале со звање пијанист и продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното.

**Табела бр. 8.**

Наставниците по пијано во музичкото училиште „Халит Касаполи“ – Пеќ, периодот на работата и бројот на учениците кои продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното.

| | Наставник/наставничка | Периодот на работата во училиштето | Бројот на учениците кои продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното |
|---|---|---|---|
| 1. | Блерта Хоџа Данчја | Од 2001 | / |
| 2. | Мимоза Пајазити | 2002-2012 | 1 |
| 3. | Зана Баша | 1990-2001 | / |
| 4. | Крешник Аличкај | 2004-2012 | 2 |
| 5. | Елвис Курпејовиќ | Од 2001 | / |

4.1.5. Основното музичко училиште „Лоренц Антони“ – Призрен

4.1.5.1. Краток историјат

Првото музичко училиште „Лоренц Антони“ се отворило на 25 октомври 1948 година во Призрен. Во почеток тоа беше само основно училиште, а за една година се основало и средното музичко училиште. Првиот директор бил основоположникот на музичката педагогија во Косово Лоренц Антони чиешто име го носи училиштето.

Училиштето било основано и опремено со сета опрема и наставни материјали, а наставата започнала со инструментите пијано и виолина. Средното музичко училиште

наставата ја започнало по краток период, првично со теоретската насока, а потоа и со инструменталната насока.

Одделите за пијано и виолина дополнително се зајакнале во второто полугодие, кога се одржал и првиот концерт за јавноста во јуни 1948 година.

Како резултат на успешната работа, бројот на наставници и ученици се зголемувал. Покрај виолината и пијаното, учениците почнале да учат и други музички инструменти. Со тоа се создале можностите за формирање на покомплетен оркестар на училиштето.

Почетните успеси овозможиле во следните години дејноста на училиштето да се прошири и на нивото на средно музичко образование, најпрво со теоретската насока на која во 1953 година дипломирале првите професори по музика кај нас. Некои од нив се вработиле во различни училишта, додека другите биле примени на различни музички академии во странство. Оваа генерација, како и наредните, покажала голем успех во професионалната дејност. Завршените ученици по започнувањето со својата работа во училиштата, иницирале основање на културно-уметнички друштва, кои во многу средини станале први во зачувувањето на културното наследство. Тие, исто така, помогнале да се соберат песни во многу рурални средини (Krasniqi, Vesel & Macula, Alma & Bobaj, Besarta & Orhani 2023).

4.1.5.2. Инфраструктура

Во септември 1948 година, тогашниот Покраински совет одлучил да го отвори училиштето во зградата во која и денес се одржува настава. Со отворањето на музичкото училиште во октомври, за директор на училиштето се именувал Лоренц Антони и веднаш се распишал конкурс за прием на ученици. Наставата се одржувала во истата зграда сè до 1990 кога се блокирал целиот образовен систем на Косово од страна на политичкиот режим, па во периодот 1990-1999 година музичкото училиште „Лоренц Антони“ преминало на образование во приватни куќи каде се соочило со специјални предизвици во споредба со другите училишта. Училиштето имало посебна потреба од ресурси како што се табли со петтолиние и музички инструменти, за разлика од другите училишта каде наставата можела да се изведува со стандардна табла и креда. Тоа претставувало големи тешкотии, бидејќи наставата по музика бара соодветна средина и специфична опрема (Krasniqi, Vesel &

Macula, Alma & Bobaj, Besarta & Orhani 2023). Во овие несоодветни услови имало и други предизвици, на пример, при пеење во услови на куќа.

Воспоставувањето на наставните средства за учење во некои домови станало многу важен чекор кон решавање на овие тешкотии. Ова му овозможило на училиштето да нуди групни и индивидуални часови на ефикасен и професионален начин, давајќи им можност на учениците да ги развијат своите музички вештини во соодветна и безбедна средина. Оваа посветеност на музичкото училиште „Лоренц Антони" ја покажува посветеноста и подготвеноста да се обезбеди квалитетно музичко образование и во тешки услови (Krasniqi, Vesel & Macula, Alma & Bobaj, Besarta & Orhani 2023).

Податоци за сопственици на куќи, училишта и други приватни објекти за образование во периодот 1990-1999 година во Призрен се заведени во архивата на градот.

#### 4.1.5.3. Наставен кадар

Според информациите од музичкото училиште „Лоренц Антони" – Призрен, нема наставничка книга со податоците од истражуваниот период. Затоа составот на наставниот кадар по пијано го комплетиравме со сопствените истражувања, прашања и разговори со наставниците и учениците од училиштето, а истиот е прикажан во Прилог бр. 5.

Се согледува дека наставниот кадар по пијано во периодот од 1975 година до денес првично го сочинувале наставниците со несоодветни квалификации. Како први се регистрирани наставничките Неѓибе Елези од 1975 и Мурвете Рекатхати од 1977, потоа Луле Елези и Индира Чипа од 1989. А од 2000 година во ова училиште предаваат Мисбах Качамаку, Сузана Јакупи, Шпреса Биурдагу, Рејхан Кодра и Николет Томрецај. Класата по пијано броела 15-17 ученици, а во периодот на нашето истражување од 1998, кај пет наставници евидентирани се 6 завршени ученици кои професионално се занимаваат со пијано.

Во наредната табела е прикажан бројот на класите по пијано и приближен број на учениците во нив.

**Табела бр. 9.**

Број на класите по пијано на музичкото училиште „Лоренц Антони“ – Призрен, насока пијано според учебните години и приближниот број на учениците во класот.

| Учебна година | Број на класите по пијано | Приближен број на учениците во класот |
|---|---|---|
| 1998-99 | 4 | 15 |
| 1999-2000 | 5 | 15 |
| 2000-01 | 5 | 15 |
| 2001-02 | 6 | 15 |
| 2002-03 | 6 | 16 |
| 2003-04 | 7 | 17 |
| 2004-05 | 6 | 17 |
| 2005-06 | 6 | 16 |
| 2006-07 | 7 | 16 |
| 2007-08 | 7 | 17 |

Во наредната табела е прикажан бројот на ученици кои се стекнале со звање пијанист и продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното.

**Табела бр. 10.**

Наставниците по пијано во музичкото училиште „Лоренц Антони“ – Призрен, периодот на работата и бројот на учениците кои продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното.

| | Наставник/наставничка | Периодот на работата во училиштето | Бројот на учениците кои продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното |
|---|---|---|---|
| 1. | Неѓибе Елези | 1975-2003 | / |
| 2. | Мурвете Рекатхати | 1977-2005 | 1 |
| 3. | Луле Елези | 1989-2000 | 1 |
| 4. | Индира Чипа | 1989-2004 | 1 |
| 5. | Мисбах Качамаку | 2002-2005 | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Сузана Јакупи | 2002-2006 | 1 |
| 7. | Шпреса Биурдагу | Од 2005 | / |
| 8. | Рејхан Кодра | Од 2000 | / |
| 9. | Николет Томрецај | Од 2004 | / |

4.1.6. Основното музичко училиште „Ческ Задеја“ – Урошевац

4.1.6.1. Краток историјат

„Ческ Задеја“ – Урошевац е едно од поновите музички училишта во Косово. Од основањето во 1996 година како основно училиште, тоа забрзано се развива и само по четири години (во 2000 година) воведува и средно музичко образование. Првите инструменти за кои се организирала наставата биле пијаното и виолината.

4.1.6.2. Инфраструктура

Музичкото училиште „Ческ Задеја“ – Урошевац од 1996 година се наоѓа во просториите на најголемото основно училиште во Косово „Ѓон Сереќи“. Првично биле доделени неколку училници за учениците од музичкото училиште и со тоа наставата се одржувала во приспособени и несоодветни услови. Во 2000 година се отворил огранокот на средното музичко училиште во рамките на музичкото училиште „Пренк Јакова“ во Приштина. Во 2000 година, училиштето било префрлено во стара зграда, која првично била изградена за градинка, односно објект од 1920-тите-1930-тите.

Наставата продолжила да се одржува во овој објект предвиден за градинка до 2010 година, кога училиштето се префрлило во новата градска населба, поточно во основното училиште „Тефик Чанга“. И овој објект бил во исклучително тешка состојба, речиси блиску до пропаст: без греење, испукани прозорци, оштетени врати, греење на дрва за секоја училница.

В 2010 година по иницијатива на новата директорка Линдита Јусуфи училиштето го добило името „Ческ Задеја“. Во 2014 година училиштето повторно се преместило, овој пат во зградата на Техничкиот факултет каде што останува до денес. Така, 25 години по завршувањето на последната војна во Косово, односно од формирањето на музичкото

училиште во Урошевац, ова училиште останува во потрага по сопствен објект според стандардите што ги бара професионалното музичко училиште.

4.1.6.3. Наставен кадар

Врз основа на податоците добиени од поранешната директорка на музичкото училиште „Ческ Задеја“ – Урошевац Линдита Исуфи, го комплетиравме составот на наставниот кадар по пијано кој е прикажан во Прилог бр. 6.

Се согледува дека наставниот кадар по пијано во периодот од 1996 првично го сочинувале наставниците со несоодветни квалификации. Како прва е регистрирана наставничката Вероника Мједа од 1996, а од 2000 година таму предаваат Линдита Исуфи, Мустафе Ламалари, Зора Курти, Албана Пиперку, Артан Хасани, Куштрим Бајрами, Ерза Пожегу, Улберина Исуфи и Албан Метуши. Класата по пијано броела 15-17 ученици, а еден ученик продолжил професионално да се занимава со пијано.

Во наредната табела е прикажан бројот на класите по пијано и приближен број на учениците во нив.

**Табела бр. 11.**

Број на класите по пијано на музичкото училиште „Ческ Задеја“ – Урошевац, насока пијано според учебните години и приближниот број на учениците во класот.

| Учебна година | Број на класите по пијано | Приближен број на учениците во класот |
|---|---|---|
| 1998-99 | 2 | 15 |
| 1999-2000 | 2 | 15 |
| 2000-01 | 2 | 15 |
| 2001-02 | 3 | 15 |
| 2002-03 | 4 | 16 |
| 2003-04 | 4 | 17 |
| 2004-05 | 5 | 17 |
| 2005-06 | 5 | 16 |
| 2006-07 | 5 | 16 |
| 2007-08 | 5 | 17 |

Во наредната табела е прикажан бројот на ученици кои се стекнале со звање пијанист и продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното.

**Табела бр. 12.**

Наставниците по пијано во музичкото училиште „Ческ Задеја“ – Урошевац, периодот на работата и бројот на учениците кои продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното.

| | Наставник/наставничка | Периодот на работата во училиштето | Бројот на учениците кои продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното |
|---|---|---|---|
| 1. | Линдита Исуфи | Од 1996 | / |
| 2. | Мустафе Ламалари | Од 1998 | / |
| 3. | Зора Курти | 1996-2009 | / |
| 4. | Вероника Мједа | 1996 – 2010 | / |
| 5. | Албана Пиперку | 2005-2010 | / |
| 6. | Артан Хасани | 2003-2011 | / |
| 7. | Куштрим Бајрами | 1990-2011 | 1 |
| 8. | Ерза Пожегу | 2005-2015 | / |
| 9. | Улберина Исуфи | Од 2008 | / |
| 10. | Албан Метуши | 2000-2011 | / |

### 4.1.7. Основното музичко училиште – Гнилане

#### 4.1.7.1. Краток историјат

Основното музичко училиште – Гнилане датира од 1978 година (податокот е од директорот на училиштето), и првично имало две паралелки. Првиот инструмент за кој се организирала наставата било пијаното.

Во дадениов период Основното музичко училиште – Гнилане нуди школување на ученици по инструментите пијано, гитара, виолина, виолончело, флејта, кларинет и удирачки инструменти.

#### 4.1.7.2 Инфраструктура

Зградата на музичкото училиште во Гнилане се наоѓа спроти Атик џамија во некогашниот Сарај на Мустафа Паша. Оваа зграда е изградена во 1887 година од Мустафа Паша и служела како резиденција. Поранешниот Сарај на Мустафа Паша е споменик на културното наследство во Гнилане, Косово во категоријата „архитектонски“.

Пред Втората светска војна го купил Нуредин Малиќ Ага и продолжил да го користи за престој. По Втората светска војна, објектот станал државна сопственост и бил користен како основно училиште, а денес е во сопственост на општината и функционира како основно музичко училиште.

Училишниот објект има историска и архитектонска вредност, претставувајќи пример за јавни објекти изградени на крајот на 19 век во Гнилане.

Објектот се одликува со изработката на дрвените елементи од локалниот занаетчија на дрво Хајрула Колиќи. Ѕидовите се направени од печени тули врзани со малтер. Објектот е обликуван со подигнато приземје и кат. Пристапот до зградата е преку надворешни скали сместени на предната фасада која се карактеризира со украси во неокласичен стил околу прозорците, каде во горниот дел на отворите се издвојуваат полузаоблени форми.

Во 2002 година зградата беше оштетена од земјотрес. Реставраторските интервенции започнаа на крајот на 2007 година и беа завршени на почетокот на 2008 година.

#### 4.1.7.3. Наставен кадар

Врз основа на наставничката книга на музичко училиште – Гнилане, го комплетиравме составот на наставниот кадар по пијано кој е прикажан во Прилог бр. 7.

Се согледува дека наставниот кадар по пијано во периодот од 1978 година првично го сочинувале наставниците со несоодветни квалификации. Како први се регистрирани наставникот Иса Јакупи од 1978 година, потоа од 1981 до 1998 година се вработени Куштрим Јакупи, Зеке Јусуфи, Сами Пирај и Назим Реџепи. А од 2000 година таму предаваат Ули Белули, Висар Османи, Арниса Реџепи, Дефрим Белули и Албана Јусуфи. Класата по пијано броела 15-17 ученици, а во периодот на нашето истражување од 1998, од

пет наставници евидентирани се 8 завршени ученици кои професионално се занимаваат со пијано.

Во наредната табела е прикажан бројот на класите по пијано и приближен број на учениците во нив

**Табела бр. 13.**

Број на класите по пијано на музичкото училиште – Гнилане, насока пијано според учебните години и приближниот број на учениците во класот.

| Учебна година | Број на класите по пијано | Приближен број на учениците во класот |
|---|---|---|
| 1998-99 | 5 | 15 |
| 1999-2000 | 5 | 15 |
| 2000-01 | 5 | 15 |
| 2001-02 | 6 | 15 |
| 2002-03 | 6 | 16 |
| 2003-04 | 6 | 17 |
| 2004-05 | 7 | 17 |
| 2005-06 | 9 | 16 |
| 2006-07 | 12 | 16 |
| 2007-08 | 15 | 17 |

Во наредната табела е прикажан бројот на ученици кои се стекнале со звање пијанист и продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното.

**Табела бр. 14.**

Наставниците по пијано во Музичкото училиште – Гнилане, периодот на работата и бројот на учениците кои продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното.

| | Наставник/наставничка | Периодот на работата во училиштето | Бројот на учениците кои продолжиле професионално да се занимаваат со пијаното |
|---|---|---|---|
| 1. | Виолета Грабовци | 1991-1999 | 1 |
| 2. | Куштрим Јакупи | 1992-2012 | / |
| 3. | Зеке Јусуфи | 1981-2013 | / |
| 4. | Иса Јакупи | 1978-2008 | 1 |
| 5. | Сами Пирај | 1984-2002 | / |
| 6. | Назим Рецепи | 1998-2000 | / |
| 7. | Ули Белули | 2001-2012 | 3 |
| 8. | Висар Османи | 2001-2024 | 2 |
| 9. | Арниса Рецепи | Од 2002 | / |
| 10. | Дефрим Белули | 2003-2012 | / |
| 11. | Албана Јусуфи | Од 2003 | / |
| 12. | Лејла Буцоли | Од 2004 | / |
| 13. | Куштрим Бајрами | 2002-2012 | / |
| 14. | Афердита Агушај | Од 2004 | 1 |
| 15. | Дафина Абази | 2005-2010 | / |
| 16. | Фламур Буцалиу | Од 2005 | / |
| 17. | Флакрон Калаба | Од 2006 | / |
| 18. | Хајрије Бислими | Од 2006 | / |
| 19. | Ерза Пожегу | 2006-2014 | / |
| 20. | Арменд Рамадани | 2006-2014 | / |
| 21. | Дрита Круезиу | 2007-2018 | / |
| 22. | Ќендреса Белули | 2007-2010 | / |

## 4.2. Воннаставни активности на учениците и наставниците на основните музички училишта во Косово

Застапеноста и квалитетот на воннаставните активности на учениците и наставниците зависат од повеќе фактори од кои најважните се:

- професионалната подготовка на наставниците за сопствената концертна дејност и за подготвувањето на учениците за јавни настапи;
- постоење на соодветните манифестации и приредби на кои учениците можат да настапат а наставниците да се јават како организатори и членови на жири.

Од прегледот на податоците за наставниците по пијано од 1998-2008 година во основните музички училишта (годините на работа, квалификацијата, концертната активност итн.) забележуваме голем број наставници по пијано кои немаат квалификација пијанист, туку имаат завршено музичко одделение во рамките на Средното педагошко училиште, кое имаше задача да формира кадар за осумгодишни училишта.

За квалитетот на подготовката на наставниците по пијано кои би можеле да ги подготвуваат учениците за натпревари, самите да учествуваат во работата на жиријата, а воедно и да имаат искуство со сопствената концертна дејност придонесува високото музичко образование во Косово кое постои повеќе од три децении. За важен чекор на патот кон неговото втемелување, може да го сметаме почетокот на работата на музичкото одделение при Вишата педагошка школа во 1962 година. Ова одделение работело сè до отворањето на Музичката академија во 1975 година, односно започнување со работа во учебната 1975/76 година. Во тој период музичкиот живот видно почнал да заживува (Rudi 2004), а веќе започнала и дејноста на симфонискиот оркестар. Со отворањето на Музичката академија, насоката за музика на Вишата педагошка школа постепено згаснува и почнуваат да се појавуваат првите специјализирани кадри за соодветните насоки.

Од 1998 година, се забележува и враќањето на првите професори по пијано од странство, меѓу кои е проф. д-р Мисбах Качамаку, кој истата година започнал да го предава предметот пијано во средното музичко училиште во Приштина. Во наредните години веднаш по завршувањето на воените настани во Косово, повторно се бележи заживувањето на концертните активности како резултат на дејноста на наставниците пијанисти кои биле

мотив и поттик за помладите ученици пијанисти кои потоа дипломирале на насоката за пијано околу 2005 година. Веќе е видлива професионалната дејност на овие дипломирани пијанисти и професори по пијано меѓу кои се Артемида Ќари, Неритан Хиса, Лирика Пула, Пранвера Хоџа, Фатон Хасани.

Културно-уметничката активност од 1998 година била многу ограничена, а прекинати биле и сите културно-социјални активности. Часовите во тој период се одржувале во домашните услови или во различни простори не планирани за музичко училиште (касарни, клубови, дури и кафулиња), активностите на учениците и наставниците биле нужно импровизирани во дневните простории на куќите или други несоодветни простори. Така, проф. Аида Џиколи, поранешната директорка на основното музичко училиште во Пеќ, вели: „Вреди да се напомене дека, во отсуство на училишната инфраструктура, сите активности на музичкото училиште во 1998-1999 година се одржуваа во градското кафуле наречено „Евергрин", место кое отсекогаш било подготвено да ги ослободи своите простории само за децата и учениците од музичкото училиште да имаат простор каде што можат да ги покажат своите достигнувања. Сите училишни концерти, онлајн часови, класни концерти и многу други активности се одржуваат на ова место" (интервју со Аида Џиколи).

Во овие несоодветни услови за вистински развој на музичката уметност, било невозможно да се одржуваат големи настани кои бараат соодветна организација и финансиска поддршка, како натпревари, фестивали, мастер класи, разни меѓународни средби и сл. Најмногу што можело да се направи биле интерни часови, класни испити и мали концерти со ограничен број учесници, колку што дозволувал домашен простор. Тоа биле активности поттикнати од желбата и ентузијазмот на наставниците и учениците за музика и музицирање.

Отсуството на горенаведените големи настани била негативна појава за вистинскиот музички развој на учениците од оваа генерација. Според Ринор Алиу, поранешниот ученик, а сега професор по пијано во основното музичко училиште во Урошевац, „недостигаа многу уметнички активности во 90-тите и 2000-тите, освен оние организирани во училиштата како одделенски концерти и завршни училишни концерти, немаше развој што даваше простор за понатамошен развој на младите музичари" (интервју со Ринор Алиу). Недостигот на концерти како главен елемент на музичката изведувачка уметност, претставувањето пред

јавноста, но и натпреварите со нивните врсници внатре и надвор од државата, го нарушиле градењето на професионалниот профил на пијанистот или инструменталистот воопшто. Сепак, по 2000-та година, музичкиот живот постепено почнува да се комплетира со своите неопходни сегменти; иако во сѐ уште тешки повоени услови, но сепак започнува концертната активност во училишните згради. Почнуваат да се одржуваат првите фестивали на класична музика, како и меѓународни натпревари за класична музика, со што се поттикнува интересот и се создава контакт меѓу уметниците, наставниците и учениците од земјава и странство. Овде, секако, се создава простор за етаблирање на бројни наставници кои биле достојни да настапат во јавност како солисти или како дел од камерен состав. Исто така, со доаѓањето на странските уметници – учесници на фестивали, се отвориле значајни можности за мастер класи и работилници за учениците и студентите по пијано и другите инструменталисти со пијанистите од светска класа. Во 2004 година се основани меѓународните натпревари за класична музика *ArsKosova* и Фестивалот на камерна музика *ArsKosova*, Фестивалот на современа музика *ReMusica*. Меѓународниот фестивал на класична музика *DAM* првично бил организиран од група студенти, а сега брои повеќе успешни изданија и останува место за промоција на младите музичари.

Постепено, развојот на музичкиот живот добива уште поголем интензитет и денес го сочинуваат значителен број фестивали на класична музика, фестивали на хорска музика, фестивали на гитара, фестивали на џез музика, фестивали на кларинет, меѓународни натпревари за класична музика, натпревари на пијанисти итн. Мора да нагласиме дека сите овие фестивали и натпревари на класична музика се индивидуални иницијативи организирани од приватни невладини организации, секако предводени од професори по класична музика, придонесувајќи за развојот на музичкиот живот во Косово. За жал, во Косово, до денес нема фестивал или натпревар на класична музика организиран на државно ниво.

Со формирањето на овие натпревари се создава можност наставниците да учествуваат на натпревари како членови на жири. За новите генерации млади наставници тоа биле и првите искуства на оваа позиција, а воедно и многу драгоцени искуства за подготовката на младите пијанисти во нивните први чекори за учество на натпревари за класична музика.

И денес постои голем ентузијазам и посветеност на наставниците од музичките училишта да ги поттикнуваат своите ученици за учество на натпреварите за класична музика организирани во регионот и пошироко.

Генерално, вонраставните активности може да се поделат во следниве групи:

- интерни училишни активности (јавни часови, семинари и мастер класи во организација на улилиштето, концерти и други приредби на ниво на училиштето);

- соработка меѓу училиштата (заеднички концерти и други настани, размена на учениците, меѓусебни гостувања и сл.);

- национални и меѓународни натпревари и фестивали во земјата наменети за различни категории и возрасни групи на учениците – претставници на своето училиште;

- меѓународни натпревари и фестивали во други земји наменети за различни категории и возрасни групи на учениците – претставници на своето училиште.

Како што веќе спомнавме, постојат многу малку зачувани податоци за периодот 1998-2008 година, вклучително и за вонраставните активности од сите групи. Меѓутоа, со спроведените интервјуа со сегашните и некогашните учесници во образовниот процес во Косово, како и организаторите на музичкиот живот, успеавме да дојдеме до одредени сознанија за одвивање на сите овие групи на вонраставните активности и учеството на учениците и наставниците во нив.

Интерните училишни активности претставуваат почетна и најприродна форма која може најлесно да се организира за да им се овозможи на учениците јавен настап, контакт со поканети наставници од земјата и странство и сл. Според податоците од училишната евиденција и од интервјуата со учесниците, во училиштата биле присутни различните интерни училишни активности. Мисбах Качамаку, наставникот во музичкото училиште „Пренк Јакова“ во Приштина, се сеќава на два мастер класа организирани со помош од австриската држава во 2004 и 2005 година, со шкотскиот пијанист Џејмс Мекчејн: „Овие два мастер класа требаше да бидат традиционални со времетраење од 5 години, соодветно, беше предвиден циклус на сериозни и професионални мастер класи“ (интервју со Мисбах Качамаку). За слична активност со учество на домашни и странски уметници се сеќаваат и учесниците од другите градови. Лиридна Мизири, наставничката во музичкото училиште во Митровица во 2007-2016 година, вели: „Јас и другите колеги кои работевме во Митровица учествувавме со неколку ученици на мастер курсот што беше организиран во

рамките на музичкото училиште. Одржавме мастер клас фокусиран на интерпретација со проф. Флорита Раифи, во 2005 година. Учениците учествуваа на различни концерти во повеќе градови во Косово. Нашата заложба беше и околу организирање интерни часови, разни концерти во текот на учебната година и секако, полугодишни и завршни испити што се одржуваат во училиштето“ (интервју со Лиринда Мизири). Линдита Исуфи, поранешната директорка и наставничка во основното музичко училиште во Урошевац, се сеќава на доаѓањето на американскиот пијанист Сем Ротман „поканет од американското семејство Томас, кое живеело во Урошевац и водело невладина организација ОМЕГА, а нивната ќерка Алисон Томас била ученичка во музичкото училиште во Урошевац каде завршила и средно училиште, па се вратила во Америка. Сем, исто така, одржа мастер клас со учениците од училиштето, а во следните денови одржа и концерт на пијано, на кој присуствуваа претставници на учениците од училиштето и пошироко“ (интервју со Линдита Исуфи).

Соработката меѓу училиштата може да биде прв значаен чекор за излегување од својата средина и запознавање со искуствата и дострелите на колегите и соучениците од друг град/регион, остварување нови контакти и професионални соработки. Ваквиот вид соработка имаше меѓу основните музички училишта на Пеќ и на Приштина, на што укажува поранешната директорка на основното музичко училиште во Пеќ Аида Џиколи (интервју со Аида Џиколи). Ваквите соработки меѓу училиштата знаат да прераснат и во поголеми настани и манифестации, как домашни, так и меѓународни.

Манифестациите на национално и меѓународно ниво – фестивали и натпревари – имаат особено значење за учениците. Тие имаат свои прописи, правила, програмски барања кои ги дисциплинираат учесниците, формираат позитивни карактерни особини и навики, уште повеќе го прошируваат кругот на контактите со врсниците, педагозите и изведувачите, и затоа учеството на ваквите настани е важно и пожелно за секој ученик. Како што беше наведено погоре, во Косово во тој период почнуваат да дејствуваат манифестациите од ваков вид за чиешто основање голема е улогата на фондацијата *ArsKosova*[2]. Во неколкуте интервјуа на нашите испитаници се наведуваат натпреварите и фестивалите организирани од *ArsKosova*, но и други настани и организатори: „со започнувањето на неколкуте музички

---

[2] Фондацијата е основана во 2003 година и оттогаш организира традиционални проекти во Косово: ArsKosova – музички натпревар за млади, Косово Камерфест, Концертни сезони на ArsKosova, Музикотерапија за аутизам. Уметнички директор на фондацијата е Сихана Бадивуку-Хоџа. (https://www.arskosovafoundation.com/about-us/)

фестивали како *Фестивал на камерна музика*, организиран од *ArsKosova, ReMusica, DAM* фестивал во земјава, како и формирањето на меѓународни натпревари за класична музика *ArsKosova* тогаш и *Млад пијанист*, музичкото училиште во Урошевац и воопшто неговите ученици почнаа да се активираат за да го претстават својот град и да ги покажат своите први резултати како младинци“ (интервју со Линдита Исуфи). За овие настани споменуваат и други учесници (интервју со Бесим Ќори – Ѓаковица, Бесијана Тишукај – Пеќ и др.). Голема важност имаат и манифестациите како Косовскиот музички фестивал *Средбите на таленти* основан од Фахри Беќири, IPSIA – Аудиција на Институтот за мир, развој и иновации, камп организиран во Призрен *Terre e Liberta* во октомври 2016 година (колаборативен проект со ученици од музичките училишта), Мултидимензионалниот културен фестивал *Flaka e janarit* основан во 1991 година, првично одржан во село Прелепнице, Гнилане. Во културно-уметничкото друштво „Агими“ – Призрен се одржувале и *Средбите на таленти* на кои учествувале ученици од сите училишта во Косово (интервју со Ули Белули – Гнилане).

Манифестациите надвор од својата земја претставуваат особено значаен предизвик за учениците за кои тоа е ново скалило на нивниот професионален развој, соочување со дострелите и искуствата на уште поширок круг на нивните врсници, како и запознавање со комплетно поинаква средина и култура. Учесниците наведуваат неколку меѓународни манифестации одржани во други земји кадешто тие учествувале.

Меѓу значајните меѓународни претставувања е учеството на фестивалот на *ЕПТА* – Европската асоцијација на наставници по пијано. Елизабете Ќари, поранешената директорка на основното музичко училиште во Приштина, вели: „Во јануари 2007 година учениците  од нашето основно училиште, односно 7 пијанисти учествуваа на значајниот фестивал *ЕПТА* (Europian Piano Teachers Assosiations) во Осиек, Хрватска, каде што учениците беа наградени со благодарница за учество“ (интервју со Елизабете Ќари).

Како посебна активност, се наведува и натпреварот по пијано во Италија во Барлета (*Young Musician International Competition ‘Città di Barletta’*, со Франческо Монополи како уметнички директор**)**, од 2006 година, на кој по иницијативата на музичкото училиште во Приштина „Пренк Јакова“ и во соработка со Италија учествуваа учениците од различни музички училишта во Косово (интервју со Аида Циколи, интервју со Бесим Ќори). Аида Циколи особено ја нагласува улогата на директорката на приштинското музичко училиште „Пренк Јакова“ Елизабете Ќари за оваа активност (интервју со Аида Циколи).

Аида Џиколи, исто така, го наведува учеството на фестивалот *Полихимнија* во Скопје – Македонија, од учебната 2004-2005 година. Таа ја нагласува мобилизирачката улога на учеството на учениците од други земји, најпрво Албанија, за наставниците во Косово, кога започнала нивната меѓусебна соработка (интервју со Аида Џиколи).

За уште еден настан вон Косово кој е остварен врз база на соработката на две училишта кажува Линдита Исуфи – поранешната директорка и наставничка во основното музичко училиште во Урошевац: училиштата од Урошевац и од Гнилане во заедничка организација испратија неколку ученици на еднонеделен мастер клас во Конзерваториумот за музика „Џакомо Пучини“ во Ла Специја, Италија. По овој сериозен работен престој се одржа завршниот концерт со студентите на Конзерваториумот. Овој проект беше организиран во периодот на администрацијата на УНМИК под раководство на Даниела Бруни, која беше директорка на Регионалната дирекција за култура во општина Гнилане. Ова беше добра можност за учениците и наставниците да воспостават нови контакти за продолжување на меѓусебните активности со странските пијанисти и професори (од интервјуто со Линдита Исуфи).

### 4.3. Библиотеки и литература за пијано на основните музички училишта во Косово

Како што нагласивме на почетокот, ова истражување го обработува периодот на големи социјални и политички пресврти во 1998-2008 година. За жал, во овој период наставно-образовната дејност на наставниците била многу отежната, како и постигнувањето на резултатите на учениците. Сепак, истражувајќи ги податоците од училишните архиви, дојдовме до сознанија дека, на пример, во периодот 1998-2008 година во музичкото училиште во Приштина постоела умерено богата библиотека со партитури. За жал, до денес ниту едно основно музичко училиште не поседува библиотека или нототека.

Наставната програма за пијано главно била единствена, а сите 6 години, колку што траело основното музичко образование по насока пијано, основниот учебник претставувала школата за пијано и други изданија од Јела Кршиќ – тогаш најраспространетите во музичко-образовните институции на поранешната СФРЈ. Нејзините книги се поделени во 6 делови,

од прво одделение до шесто одделение. Во нив интегрално се дадени технички вежби (етиди), полифони композиции, дела кои претставуваат поголеми музички форми од тип на Сонатина и Соната, како и слободни пиеси од различни форми и жанрови (Ноктурна, Танци, Мазурки, Рондо итн.). Поради непостоење на наставни програми од тогашните релевантни институции програмата која ученикот требало да ја совлада се дефинирала под одговорност и според проценка на педагогот. Меѓутоа, од интервјуата направени со наставниците по предметот пијано, делумно и од оние кои успеале да чуваат белешки во личните тетратки, успеавме да стекнеме сознанија дека програмата во најголем дел се базирала врз примерите од напредните книги за пијано на Јела Кршиќ. И покрај сите тешкотии, во овие книги кои претставувале компилација на пијанистички дела имало доволен избор на технички, полифони, циклични дела и сл. за постигнување на вештините на учениците од основниот оддел на музичкото училиште за насоката пијано.

Улогата на книгите од Јела Кршиќ ја потврдуваат и учесниците во образовниот процес во тој период. Ринор Алиу, поранешниот ученик во основното музичко училиште во Урошевац, вели: „Наставните програми беа исти како и во другите центри во Косово. Јела Кршиќ била и останува единствената збирка книги со која работев“ (интервју со Ринор Алиу). Рина Фери Адеми, поранешната ученичка на музичкото училиште „Тефта Ташко“ во Митровица, исто така, наведува: „Литературата главно е книгата на Јела Кршиќ“ (интервју со Рина Фери Адеми). Го потврдува и Бесим Ќори, наставник во основното музичко училиште „Пренк Јакова“ – Ѓаковица кој вели: „Главно се работеше со книгата на Јела Кршиќ“ (интервју со Бесим Ќори).

Важен податок за нашето истражување во однос на наставната програма претставува започнување на пристапот до интернет. Со тоа се отвораат можностите за побогат избор на програми и партитури за пијано, но овој процес се одвива тешко поради застарената инфраструктура и недостатокот на компјутери и кабинети во училиштето. Постои недостаток на опремата, соодветните музички инструменти, просториите за вежбање и др. Така, некогашната музичка библиотека во музичкото училиште во Приштина воопшто не постои. Единствениот извор се книгите и партитурите што наставниците по пијано можеби ги имале во нивните лични библиотеки, и кои полека почнувале да ги споделуваат меѓу себе, за доброто на своите ученици. Обезбедувањето на овие книги било можно само со фотокопирање. Овој начин на работа, за жал, продолжува сиве овие години, вклучително и

сегашниот период, а наместо продавници за печатени нотни изданија одредена фотокопирница нуди на продажба копирани книги за учениците од музичките училишта и не само за нив. Музичкото училиште во Приштина и во сите други градови на Косово немаат нототеки.

## Заклучок

Целта на овој труд беше да се претстават аспектите на наставата по пијано во основните музички училишта во Косово во периодот 1998-2008 кои ги одредивме како организациски, содржински и дидактичко-методски. Со оглед на општествено-политичката ситуација во Косово во тој период која се карактеризираше со нестабилноста на државата, општествените немири и воените настани, нѐ интересираше дали постоеше континуитет во образовниот процес во овие училишта и на кој начин тој се одржувал и се развивал во неповолните услови на опкружувањето. Затоа во истражувањето се фокусиравме на условите за работа и инфраструктурата на училиштата, наставниот кадар, бројноста на учениците и нивната вклученост во воннаставните активности, како и опременоста на училиштата со библиотеката и нотните материјали.

Бевме свесни дека истражувањето на фактичката состојба со наставата по пијано во основните и средните музички училишта во Косово во периодот 1998-2008 година е многу тешко. Споменатите политички и општествени околности кои директно се одразувале врз одвивањето на образовниот процес го оневозможиле точното евидентирање на неговите резултати. Во овие услови не можела да се води евиденцијата во училишните дневници, туку се водела самоиницијативно од наставниците. Како резултат на тоа, недостатокот на таквата документација го оневозможува точното информирање по прашањата на нашето истражување во одреден период. Тоа се потврди во спроведеното истражување во сите музички училишта во Косово. Недостатокот на зачуваната педагошка документација делумно го пополнивме со интервјуата на сведоците и учесниците во наставниот процес во периодот на нашето истражување.

Во ова истражување на ниво на Р. Косово се анализирани и обработувани податоците од сите седум основни музички училишта кои работеле во истражуваниот период: ОМУ „Пренк Јакова“ во Приштина, ОМУ „Пренк Јакова“ во Ѓаковица, ОМУ „Тефта Ташко“ во

Митровица, ОМУ „Халит Касаполи“ во Пеќ, ОМУ „Лоренц Антони“ во Призрен, ОМУ „Ческ Задеја“ во Урошевац и ОМУ во Гнилане. Во основата на истражувањето беше квалитативниот метод, при што податоците од секое училиште се анализираа и обработуваа како студија на случај.

Скоро сите основни музички училишта во Косово кои беа претставени (6 од вкупно 7) се формирани во периодот на поранешната СФРЈ, освен ОМУ „Ческ Задеја“ во Урошевац кое е формирано во 1996 година, близу до периодот на нашето истражување. Во периодот на формирањето училиштата имале предвидена зграда. За жал, во периодот на нашето истражување, заради воените и други настани, зградите на училиштата биле оштетени, а инфраструктурата нарушена. Имаше период кога наставата се одржувала во приватни куќи и други несоодветни објекти. Во натамошниот период состојбата не се променила, со ретки исклучоци кадешто објектот и инфраструктурата се изградени со приватни иницијативи и донации.

Наставниот кадар во основните музички училишта игра особено значајна улога во квалитетното одвивање на образовниот процес во наставата по пијано. При анализата на профилот на наставниците, нивната едукација, концертните и други активности констатиравме дека првите генерации наставници немале соодветно пијанистичко образование, но, сепак, одиграле основоположничка улога при втемелувањето на принципите на наставата по пијано, привлекувањето на учениците, формирањето на класите, воспоставувањето на наставните практики, модели, дисциплина. Понатамошните генерации наставници веќе биле со соодветно образование, а меѓу нив има наставници кои се стекнале со звањето магистер по пијано и доктор по интерпретација, што укажува на нивниот стремеж за стручното усовршување и академскиот напредок. Во периодот на нашето истражување наставниците по пијано не само што се соочиле со потребата да го одржат континуитетот на наставата, туку и да возобноват одредени активности – пред сè, сопствените јавни настапи, како и воннаставните активности на учениците (мастер класи, семинари, натпревари, фестивали и сл.) на кои и самите учествувале како организатори и членови на жирија.

Од интервјуата со организаторите на манифестациите, директорите на училиштата, наставниците и учениците во основните музички училишта во периодот на нашето истражување утврдивме дека можностите за вonнаставните активности се зголемуваат во

почетокот на 2000-те години, кога започнува дејноста на фондацијата *ArsKosova* која се јавува како организатор на фестивалите и натпреварите за млади изведувачи. Тогаш се етаблираат и фестивалите *ReMusica* и *DAM*, се интензивираат соработките со фестивалот на *ЕПТА*, како и со манифестациите за млади музичари во Италија и Македонија. Сите учесници во овие активности ја потенцираат нивната важност за поттикнување на мотивацијата и желбата за напредување, како и зголемување на можностите за контакти, соработки, запознавање со нови искуства.

Во истражувањето обрнавме внимание и на податокот за тоа колку ученици понатаму го продолжиле нивното професионално занимање со пијаното и се образувале како професионални пијанисти. Разбирливо е дека најголемиот број од нив произлегуваат од музичкото училиште „Пренк Јакова" во Приштина со највеќе класи по пијано. Како завршени пијанисти од истото училиште се евидентирани и оние кои го продолжиле своето образование во други области на музичката уметност (соло пеење и композиција), како и во други уметности и уметнички професии (тонско снимање, балет). Сметаме дека бројот на професионално ориентираните ученици по пијано може да биде поголем во условите на натамошниот развој и напредување на наставата по пијано и евидентен интерес за неа кај родителите и учениците.

Како важен фактор на наставата по пијано е музичкиот материјал, односно репертоарот кој се избира за програмите на учениците. Како главен извор на наставниот материјал наставниците и учениците во интервјуата ги наведоа книгите од Јела Кршиќ кои во периодот на нашето истражување служеле за основа во наставата по пијано. Во однос на училишните библиотеки и нототеки нашето истражување покажа дека сегашната состојба е уназадена во споредба со претходниот период: ниту едно училиште не поседува библиотека со нотниот материјал, иако при нивното формирање во нив постоеле училишните библиотеки.

Согледувајќи ги добиените податоци за аспектите на наставата по пијано во основните музички училишта во Косово во периодот 1998-2008 година, може да заклучиме дека станува збор за пресвртен период во историјата на Косово во кој функционирањето на образовните институции се одвиваше во многу неповолни услови, нарушување на инфраструктурата и редот во одвивањето на наставниот процес, дури и неговиот целосен прекин во 1999 година. Од друга страна, наставниците вложувале максимални напори да се

зачува континуитетот на наставниот процес, да се спроведе наставната програма и учениците да работат според воспоставените наставни практики. Во почетокот на 2000-те години ситуацијата постепено се стабилизира, а наставата по пијано во основното музичко образование продолжува да биде значаен фактор во музичкиот живот и музичката култура во Косово.

**Библиографија**


Алексеев, А. 1970. *Методика преподавания игры на фортепиано.* Москва: Музыка.

Алексеев, А. 1974. *Из истории фортепианной педагогики.* Киев: Музична Україна.

Алексеев, А. 1988. *История фортепианного искусства.* Москва: Музыка.

Артемьева, Т. 2014. Особенности начального периода обучения игре на фортепиано. https://nsportal.ru/shkola/dopolnitelnoe-obrazovanie/library/2015/02/17/osobennosti-nachalnogo-perioda-obucheniya-igre

Бузони, Ф. 1962. *О пијанистическом мастерстве*. Избранные высказывания. Во: *Исполнительское искусство зарубежных стран. Выпуск 1.* Москва. Стр.155

Джардан, Ю. 2017. *Овладение нотной грамотой на начальном этапе обучения игре на фортепиано*. https://urok.1sept.ru/articles/666976

Мартинсен, К. 1966. *Индивидуальная техника игры на фортепиано.* Москва: Музыка.

Радвогина М.Е. 2018. Специфика работы на начальном этапе обучения в классе фортепиано. https://kurskdshi9.ru/o-shkole-dsi9/inf-prepodavateliam-dsi9/metodicheskaia-deiatelnost-dsi9/specifica-raboti-fortepiano

Шујаку, Агрон. 2024. *Почетните школи за пијано во Косово* (теориски дел од докторска дисертација во ракопис). Скопје: ФМУ.

Шуланкина, В. 2015. Начальный этап обучения игре на фортепиано. Донотный период. https://nsportal.ru/npo-spo/obrazovanie-i-pedagogika/library/2019/09/01/nachalnyy-etap-obucheniya-igre-na-fortepiano

Brown, William. 2008. *Menahem Pressler: Artistry in Piano Teaching*. Indiana University Press.

Bužarovski, Dimitrije. 2012. *Istraživačke metodologije aplicirane u muzikologiji.* Knjaževac: Nota.

Camp, Max W. 1992. *Teaching Piano: The Synthesis of Mind, Ear and Body.* Alfred Publishing Co., Inc.

Crappell, Courtney. 2019. *Teaching Piano Pedagogy. A guide book for training an Effective Teacher.* Oxford University Press.

Froehlich, Hildegard C. 2007. *Sociology for Music Teachers*. Pearson Education, Inc.

Hersh, Alan. 2010. *A Pianist's Dictionary Reflections on a Life.* Hamilton Books.

Hofmann, J. 1920. *Piano Playing: With Piano Questions Answered*. Philadelphia Theodore Presser Company.

Jacobson, Michael. 2006. Complex systems in education: Scientific and educational importance and implications for the learning sciences. *Journal Of The Learning Sciences. 15*. 11-34.

Kant, R. 2012. The Essential Characteristics of Effective Teaching. http://kantsmusictuition.blogspot.com/

Kolarovska-Gmirja, Viktorija. 2001. The Music Education in the Future – Problems and Perspectives. In: *Music Information Center for Youth – Jeunesess Musicales Macedonia* [CD-ROM]. Skopje: Jeunesess Musicales Macedonia.

Koschevitsky, G. 2015. *The Art of Piano Playing – a Scientific Approach*. Alfred Publishing LLC.

Krasniqi, Vesel & Macula, Alma & Bobaj, Besarta & Orhani, Senad. 2023. *Monografia e Shkollës së Muzikës "Lorenc Antoni"*. Prizren: Shkolla e muzikes "Lorenc Antoni".

Mixon, Kevin. 2011. *Reaching and teaching All Instrumental Music Students*. Second Edition. Marylend, R&L Education.

Neuhaus, H. 1973. *The Art of Piano Playing*. Praeger Publishers. Washington.

Piva, Antonio, Elena Cao. 2010. *La scuola primaria. Il pensiero Provvisorio*. Gangemi Editore.

Plavin, Zecharia. 2022. *We Piano Teachers and Our Demons.* Springer.

Rosen C. 2002. *Piano notes. The world of the pianist.* United Kingdom. Free Press.

Rudi, Rafet. 2004. *Për muzikën asgjë më tepër se një koncepsion që aplikohet në botë*. In: *Zëri*. Prishtinë www.rafetrudi.com

Solso, R. L., M. K. MacLin & O. H. MacLin. 2014. *Cognitive Psychology*, Eight Edition. Pearson Education Limited.

Stolz, Barbara Ann. 2019. *A Portrait U.S. Teachers of Piano: A Musical Journey.* Springer Nature Singapore Pte.Ltd.

Zafranas, N. 2003. *The effects of piano-keyboard instruction on cognitive abilities of female and male kindergarten children* (doctoral dissertation). Brunel University School of Sport and Education. http://bura.brunel.ac.uk/handle/2438/5350

**YouTube видео**

KlanKosova. 2020. "Ora e Pasdites - Shkolla e Muzikës "Prenk Jakova", Gjakovë shpallet shkolla më e mirë në vend". January 10. Accessed January 28, 2025.

https://www.youtube.com/watch?v=V9Nzmq7o9iQ

(интервју со Кастриот Сада, директорот на основното музичко училиште „Пренк Јакова" – Ѓаковица).

**Интервјуа**

Интервју со Елизабете Ќари

Интервју со Мисбах Качамаку

Интервју со Аида Џиколи

Интервју со Бесим Ќори

Интервју со Бими Мила

Интервју со Лиридона Мизири

Интервју со Рина Фери Адеми

Интервју со Бесјана Тишукај

Интервју со Линдита Исуфи

Интервју со Ринор Алиу

Интервју со Индира Чипа

Интервју со Арбнор Красниќи

Интервју со Ули Белули

**Прилог бр. 1**

**Наставнци по пијано во основното музичко училиште „Пренк Јакова“ во Приштина во периодот 1998-2008**

| | Име, презиме | Работен период | Квалификување | Квалификација Во земјата или странство | Пијанист | Активен пијанист | Тековен ангажман | Причина за прекин на работата | Вкупен број на учениците | Број на учениците кои продолжиле со уметничко/музичко образование | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | **Уметничко** | **Музичко – пијано** | **Музичко - друго** |
| 1. | Пасионаре Нимани | 1969-2012 | I ниво на додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Пензија | Пензионирање | 17 | 1 – тонски сниматeл | 1 пијанист | 1 пејач |
| 2. | Летафете Расим Балата | 1972-2013 | I ниво на додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Пензија | Пензионирање | 17 | / | 1 пијанист | / |
| | Дијана Чамил Мухаџери | 1983 – до денес | 1 година на додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано и пијано облигат ОМУ | Продолжува | 17-20 | / | / | 1 композитор |
| | Дрита Деде Красниќи | 1990 - до денес | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано и пијано облигат ОМУ | Продолжува | 18-22 | 1 балерина | / | / |
| | Сузана Мухарем Јакупи | 1987-2016 | Додипломски студии Пијано | Во земјата | Да | Да - мало учество | Професор Факултет на уметности Пеќ | Промена на работно место | 15 | / | 1 пијанист | 1 композитор |
| | Виолета Илаз Асланај | 1991 - до денес | Додипломски студии Пијано | Во земјата | Да | Да - многу мало учество | Наставник по пијано и пијано | Продолжува | 16 | / | 1 пијанист | / |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | облигат ОМУ | | | | | |
| | Влора Барлет Барути | 1991 – до денес | Додипломски студии Пијано | Во земјата | Да | Да - многу мало учество | Наставник ОМУ Организатор на натпревари по пијано | Продолжува | 14 | / | / | / |
| | Елизабете Мехмет Ќари | 1993-2011 | Додипломски студии Пијано PhD Науки | Во земјата | Да | Да - активно учество | Професор Факултет на уметности Приштина | Промена на работно место | 17 | / | / | / |
| | Илириана Абдулазиз Куриу | 1994 - до денес | Додипломски студии Пијано | Во земјата | Да | Да - многу мало учество | Наставник ОМУ | Продолжува | 17-20 | / | 4 пијанисти | / |
| | Агрон Сабедин Шујаку | 1997-2022 | Додипломски студии Пијано PhD Уметности Пијано | Во земјата | Да | Да - активно учество | Корепетитор Факултет на уметности Приштина | Промена на работно место | 8 | / | / | / |
| | Шќипе Мустафе Емра | 1998-2013 | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Пензија | Пензионирање | 22 | / | / | / |
| | Мисбах Али Качамаку | 1998-2009 | Додипломски студии Пијано PhD Уметности Пијано | Во странство (Русиа, Македонија) | Да | Да - многу високо учество | Професор по пијано Факултет на уметности Приштина | Промена на работно место | 15 | / | / | / |
| | Сихана Фаик Бунјаку | 2000 - до денес | Додипломски студии Пијано | Во земјата | Не | Не | Наставник ОМУ Приватен Хор | Продолжува | 19-21 | / | / | / |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Алба Исак Мучоли | 2001-2018 | Магистратура Пијано | Во земјата | Да | Да - просечно учество | Професор по пијано облигат Факултет на уметности Пеќ | Промена на работно место | 18 | / | / | / |
| | Артемида Мехмет Ќари | 2001 – 2008<br>2014-2022 | Магистратура пијано<br>PhD студент | Во странство (Италија, Македонија) | Да | Да - многу високо учество | Корепетитор Факултет на уметности Приштина | Напредување на образованието | 17 | / | 2 пијанисти | / |
| | Мимоза Исмаили | 2001-2007 | Додипломски студии Пијано | Во земјата | Не | Не | Во странство | Во странство | 19 | Нема дневник | / | / |
| | Аида Авдурахман Циколи | 2004 – 2020 | Додипломски студии Општа педагогија | Во земјата | Не | Не | Професор Приватен универзитет | Промена на работно место | 8 | / | 1 пијанист | / |
| | Јета Бесим Думница | 2005-2008 | Додипломски студии Пијано | Во земјата | Да | Да - мало учество | Директор на приватно музичко училиште во Приштина | Промена на работно место | 17 | / | 1 пијанист | / |
| | Јета Агрон Бујари | 2005 - до денес | Додипломски студии Пијано | Во земјата | Да | Да - многу мало учество | Директор на државното музичко училиште во Приштина | Продолжува | 17 | / | / | / |
| | Фатон Хасан Хасани | 2005-2006 | Додипломски студии Пијано | Во земјата | Да | Да - многу високо учество – активен | Наставник по пијано | Емиграција | 17 | / | / | / |
| | Неритан Хуса | 2005-2013 | Додипломски студии Пијано | Во земјата | Да | Да - | Наставник по пијано | Емиграција | 15 | Нема дневник | / | / |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | високо учество - активен | | | | | | |
| | Пранвера Хоџа | 2005-2022 | Магистратура Пијано | Во странство (Албанија) | Да | Да - високо учество активен | Корепетитор Факултет на уметности Приштина | Промена на работно место | 18 | / | 3 пијанисти | / |
| | Висар Османи | 2006 – до денес | Магистратура Пијано | Во земјата | Не | Не | Наставник ОМУ | Продолжува | 15 | / | 1 пијанист | / |
| | Лирика Пула | 2005-2020 | Магистратура Пијано | Во странство (Албанија) | Да | Да - високо учество активен | Корепетитор Факултет на уметности Приштина | Промена на работно место | 17 | / | 1 пијанист | / |

**Прилог бр. 2**

**Наставници по пијано во основното музичко училиште „Пренк Јакова“ во Ѓаковица во периодот 1998-2008**

| | **Име, презиме** | **Работен период** | **Квалификување** | **Квалификација Во земјата или странство** | **Пијанист** | **Активен пијанист** | **Тековен ангажман** | **Причина за прекин на работата** | **Вкупен број на учениците** | **Број на учениците кои продолжиле со уметничко/музичко образование** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | **Уметничко** | **Музичко пијано** | **Музичко друго** |
| | Селами Балата | 1970-2010 | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Пензија | Пензионирање | 15 | / | 2 пијанисти | / |
| | Арбен Раци | 2000 – до денес | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 15 | / | 3 пијанисти | / |
| | Бесим Чори | 2000 – до денес | Магистратура Пијано | Во земјата | Да | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 16 | / | 5 пијанисти | / |
| | Мимоза Куршумлија | 2004 – до денес | Магистратура Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 17 | / | 2 пијанисти | / |
| | Бехар Арлати | 2005 – до денес | PhD Етнолошки науки и фолклор | Во странство | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 17 | / | 1 пијанист | / |
| | Шефќет Казази | 1970 - 1998 | Додипломски студии Музичка педагогија | Во странство (Србија) | Не | Не | / | Починат | 15 | / | 1 пијанист | / |

**Прилог бр. 3**

**Наставници по пијано во основното музичко училиште „Тефта Ташко“ во Митровица во периодот 1998-2008**

| | Име, презиме | Работен период | Квалификување | Квалификација Во земјата или странство | Пијанист | Активен пијанист | Тековен ангажман | Причина за прекин на работата | Вкупен број на учениците | Број на учениците кои продолжиле со уметничко/музичко образование | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | Уметничко | Музичко пијано | Музичко друго |
| | Мирлинда Мехмети | 2007 - до денес | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 16 | / | / | / |
| | Енди Абраши | 1990 - до денес | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 16 | / | 1 пијанист | / |
| | Фисник Комтраши | 2007 – до денес | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 17 | / | / | / |
| | Мисбах Качамаку | 2002-2005 | PhD Пијано | Во странство (Македонија) | Да | Да - многу учество | Професор по пијано Факултет на уметности Приштина | Промена на работно место | 16 | / | 1 пијанист | / |
| | Јета Думница | 2002-2005 | Додипломски студии Пијано | Во странство | Да | Да | Директор Приватно музичко училиште | Промена на работно место | 15 | / | / | / |
| | Саранда Кутловци Сула | 2000 - до денес | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Да | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 15 | / | / | / |
| | Аниса Суходоли | 2007 - до денес | Додипломски студии Пијано | Во земјата | Да | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 16 | / | / | / |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Лиридона Музури | 2007-2012 | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Друго | Во странство | 17 | / | 1 пијанист | / |
| | Флорита Раифи | 1991-1999 | Магистратура Музичка педагогија | Во странство | Да | Не | Професор по пијано Факултет на уметности Приштина | Промена на работно место | 15 | / | / | / |
| | Феланза Османи | 2007 - до денес | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 15 | / | / | / |

**Прилог бр. 4**

**Наставници по пијано во основното музичко училиште „Халит Касаполи " во Пеќ во периодот 1998-2008**

| | Име, презиме | Работен период | Квалификување | Квалификација Во земјата или странство | Пијанист | Активен пијанист | Тековен ангажман | Причина за прекин на работата | Вкупен број на учениците | Број на учениците кои продолжиле со уметничко/музичко образование | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | Уметничко | Музичко пијано | Музичко друго |
| | Блерта Хоџа Данчја | 2001 - до денес | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 16 | / | / | / |
| | Мимоза Пајазити | 2002-2012 | Магистратура Пијано | Во земјата | Да | Да - мало учество | Професор Факултет на уметности Пеќ | Промена на работно место | 15 | / | 1 пијанист | / |
| | Зана Баша | 1990-2001 | Магистратура Музичка педагогија | Во земјата | Да | Да - мало учество | Професор Факултет на уметности Приштина | Промена на работно место | 16 | / | / | / |
| | Крешник Аличкај | 2004-2012 | Магистратура Композиција | Во земјата | Не | Не | Професор по композиција Факултет на уметности Приштина | Промна на работно место | 15 | / | 2 пијанист а | / |
| | Елвис Курпејовиќ | 2001 - до денес | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 16 | / | / | / |

**Прилог бр. 5**

**Наставници по пијано во основното музичко училиште „Лоренц Антони“ во Призрен во периодот 1998-2008**

| | Име, презиме | Работен период | Квалификување | Квалификација Во земјата или странство | Пијанист | Активен пијанист | Тековен ангажман | Причина за прекин на работата | Вкупен број на учениците | Број на учениците кои продолжиле со уметничко/музичко образование | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | Уметничко | Музичко пијано | Музичко друго |
| | Неѓибе Елези | 1975-2003 | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Пензионер | Пензионирање | 15 | / | / | / |
| | Мурвете Рекатхати | 1977-2005 | Додипломски студии Музичка Педагогија | Во земјата | Не | Не | Пензионер | Пензионирање | 16 | / | 1 пијанист | / |
| | Луле Елези | 1989-2000 | Магистратура Пијано | Во странство | Да | Да | Професор по пијано Факултет на уметности Приштина | Промена на Работно место | 15 | / | 1 пијанист | / |
| | Индира Чипа | 1989-2004 | PhD Наука | Во странство | Не | Не | Професор Приватен факултет | Промена на работно место | 16 | / | 1 пијанист | / |
| | Мисбах Качамаку | 2002-2005 | PhD Музичка Уметност Пијано | Во странство | Да | Да – Многу учество | Професор по пијано Факултет на уметности Прштина | Промена на работно место | 15 | / | 2 пијаниста | / |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сузана Јакупи | 2002-2006 | Магистратура Пијано | Во странство | Да | Да – мало учество | Професор Факултет на уметности Пеќ | Промена на работно место | 16 | / | 1 пијанист | / |
| | Шпреса Биурдагу | 2005 - до денес | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 17 | / | / | / |
| | Рејхан Кодра | 2000 - до денес | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 16 | / | / | / |
| | Николет Томрецај | 2004 - до денес | Додипломски студии Музичка Педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 15 | / | / | / |

**Прилог бр. 6**

**Наставници по пијано во основното музичко училиште „Ческ Задеја“ во Урошевац во периодот 1998-2008**

| | Име, презиме | Работен период | Квалификување | Квалификација Во земјата или странство | Пијанист | Активен пијанист | Тековен ангажман | Причина за прекин на работата | Вкупен број на учениците | Број на учениците кои продолжиле со уметничко/музичко образование | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | Уметничко | Музичко – пијано | Музичко - друго |
| | Линдита Исуфи | 1996 – до денес | Магистратура Диригирање | Во земјата | Не | Не | Наставник по хор | Продолжува | 17 | / | / | / |
| | Мустафе Ламалари | 1998 – до денес | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 16 | / | / | / |
| | Зора Курти | 1996-2009 | Основно и средно музичко училиште | Во земјата | Не | Не | Лекар | Промена на работно место | 17 | / | / | / |
| | Вероника Мједа | 1996-2010 | I ниво Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Почината | Промена на работно место | 15 | / | / | / |
| | Албана Пиперку | 2005-2010 | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Член на Хорот на Косовската Филхармонија | Промена на работно место | 14 | / | / | / |
| | Артан Хасани | 2003-2011 | Магистратура Композиција | Во земјата | Не | Не | Професор на приватен факултет | Промена на работно место | 15 | / | / | / |
| | Куштрим Бајрами | 1990-2011 | Додипломски студии | Во земјата | Не | Не | Починат | Промена на работно место | 15 | / | 1 пијанист | / |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ерза Пожегу | 2005-2015 | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Друго | Во странство | 15 | / | / | / |
| | Улберина Исуфи | 2008 – до денес | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 16 | / | / | / |
| | Албан Метуши | 2000-2011 | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник во средно училиште | Промена на работно место | 15 | / | / | / |

**Прилог бр. 7**

**Наставници по пијано во основното музичко училиште во Гнилане во периодот 1998-2008**

| | Име, презиме | Работен период | Квалификување | Квалификација Во земјата или странство | Пијанист | Активен пијанист | Тековен ангажман | Причина за прекин на работата | Вкупен број на учениците | Број на учениците кои продолжиле со уметничко/музичко образование | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | Уметничко | Музичко пијано | Музичко друго |
| | Куштрим Јакупи | 1992-2012 | PhD Науки | Во странство (Албаниа) | Не | Не | Директор Музичко училиште во Гнилане Професор Висок циклус | Продолжува | 16 | / | / | / |
| | Виолета Грабвци | 1991-1999 | Додипломски студии Пијано | Во земјата | Да | Не | Друго | Емиграција | 17 | / | 1 пијанист | / |
| | Зеке Јусуфи | 1981-2013 | Магистратура Музичка педагогија | Во странство | Не | Не | Пензија | Пензионирање | 15 | / | / | / |
| | Иса Јакупи | 1978-2008 | I ниво додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Пензија | Пензионирање | 17 | / | 1 пијанист | / |
| | Сами Пирај | 1984-2002 | I ниво додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Пензија | Пензионирање | 16 | / | / | / |
| | Назим Реџепи | 1998-2000 | I ниво | Во земјата | Не | Не | Друго | Емиграција | 16 | / | / | / |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Додипломски студии Музичка педагогија | | | | | | | | | |
| | Ули Белули | 2001-2012 | Магистратура Пијано | Во земјата | Да | Да | Наставник по пијано | Емиграција | 17 | / | 3 пијанисти | / |
| | Висар Осмни | 2001-2024 | Магистратура Пијано | Во земјата | Да | Да - мало учество | Наставник по пијано | Промена на работно место | 17 | / | 2 пијаниста | / |
| | Арниса Реџепи | 2002 – до денес | Магистратура Музичка педагогија | Во странство (Македонија) | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 17 | / | / | / |
| | Дефрим Белули | 2003-2012 | Магистратура Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Промена на работно место | 16 | / | / | / |
| | Албана Јусуфи | 2003 – до денес | Магистратура Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 15 | / | / | / |
| | Лејла Буцоли | 2004 - до денес | Магистатура Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 16 | / | / | / |
| | Куштрим Бајрами | 2002-2012 | Додипломски студии Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | / | Починат | 15 | / | / | / |
| | Афердита Агушај | 2004 – до денес | Магистратура Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 17 | / | 1 пијанист | / |
| | Дафина Абази | 2005-2010 | Додипломски студии Пијано | Во земјата | Да | Не | Друго | Емиграција | 17 | / | / | / |
| | Фламур Буцалиу | 2005 - до денес | Магистратура Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 17 | / | / | / |
| | Флакрон Калаба | 2006 - до денес | Магистратура Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Наставник по Пијано | Продолжува | 17 | / | / | / |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Хајрије Бислми | 2006 – до денес | Магистратура Пијано | Во земјата | Да | Не | Наставник по пијано | Продолжува | 16 | / | / | / |
| | Ерза Пожегу | 2006-2014 | Магистратура Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Друго | Емиграција | 16 | / | / | / |
| | Арменд Рамадани | 2006-2014 | Магистратура Музичка педагогија | Во земјата | Не | Не | Друго | Емиграција | 17 | / | / | / |
| | Дрита Круезиу | 2007-2018 | PhD Наука Музичка Педагогија | Во странство | Не | Не | Наставник по пијано | Промена на работно место | 17 | / | / | / |
| | Ќендреса Белули | 2007-2010 | Магистратура Пијано | Во земјата | Не | Не | Наставник по пијано | Промена на работно место | 17 | / | / | / |

**Прилог бр. 8.**

**Интервју со проф. д-р Елизабете Ќари (поранешната директорка во основното и средното музичко училипте „Пренк Јакова“ – Приштина) 29.1.2025 во живо**

Со моето доаѓање како директор, како дел од воннаставните активности, организирани се активности како што се мастер класи со наставници и ученици од основното и средното музичко училиште, како што се проф. Надежда Породини од Албанија, во рамките на активноста „Денови на Моцарт“, а исто така, спорадично, при организирање на разни фестивали на национално ниво. Со доаѓањето на инструменталисти од странство, училиштето соработуваше со овие уметници и фестивали со цел да се подигне професионалното ниво на наставниците и учениците од музичкото училиште во Приштина.

Другата цел на овие соработки беше да се создадат нови контакти со овие уметници за продолжување на понатамошните студии на нашите ученици.

Во јануари 2007 година учениците од нашето училиште учествуваа на значајниот фестивал ЕПТА во Осиек, Хрватска, каде што учениците беа наградени со признанија.

Наставните програми со кои се работеше беа одобрени од Министерството за образование и технологија.

Честопати, за извонредните ученици, соработувавме со невладини институции надвор од училиштето, каде што овие ученици учествуваа во различни активности на државно ниво, промовирајќи го својот талент, но во исто време и работата на нивните наставници.

Часовите се одржуваа во училишна зграда која ги исполнуваше минималните услови за нормален развој на работата, како од инфраструктурата, така и од аспект на квалитетот на музичките инструменти. Од време на време, училиштето имаше донации од разни организации, главно странски, кои му помагале на училиштето со музички инструменти. Сите овие донации се координирани со општина Приштина, каде што е направено официјално известување за секоја добиена донација.

**Прилог бр. 9.**

**Интервју со проф. д-р Мисбах Качамаку (поранешниот наставник во основното музичко училиште „Пренк Јакова“ - Приштина), 29.1.2025 во живо**

Она што вреди да се спомене во овој 10-годишен период е дека во 2004 и 2005 година беа организирани два мастер класа од австриската држава, со шкотскиот пијанист Џејмс Мекчејн. Овие два мастер класа требаше да бидат традиционални со времетраење од 5 години, соодветно, беше предвиден циклус на сериозни и професионални мастер класи. Овој проект предвидуваше и донација на две професионални пијана од брендот „Безендорфер“, едното полуконцертно, а другото Империјал. За жал, поради многу лоши услови на нашите училишни згради и културни институции, немањето концертна сала, недостатокот на инфраструктура, непрофесионалното одржување на овие инструменти, односно на пијано техничари (не штимери), но и поради институционалната дисфункција воопшто, целиот проект е стопиран и овие два скапоцени инструменти, вклучително и донаторот, се вратени во Австрија.

Од 2003 година, со приватните иницијативи почнаа да се организираат натпревари за класична музика. Организирани се на национално и регионално ниво, подоцна имаа уште поголем ангажман, но секогаш остануваат натпревари на приватни фондации, а не натпревари на државно ниво. Денеска кај нас не постои натпревар за класична музика што е надгледуван и организиран од образовни и културни институции на државно ниво.

Приближно на крајот на 2005 година, имаше последната генерација пијанисти кои беа спремни да се „жртвуваат“ за професијата. Тоа беше златна генерација која даде и дава сѐ од себе за опстојување, а не за деградирање на професијата на пијанистот.

Лично, како професор по пијано, покрај пијанистичкиот аспект, целта ми беше да ја подигнам свеста кај генерациите за правилно да се разбере работата на пијанистот, а ретки се студентите кои ја продолжиле својата работа како активни пијанисти. Повеќето пијанисти кои доаѓаат како резултат на школата за пијано од претходната генерација на системот ја завршиле својата кариера во педагогијата по пијано. Ова може да дојде и како резултат на судирот на менталитетот меѓу генерациите наставници во соодветните институции, почитувањето на ученикот, системот на работа низ годините и силно верувам дека тоа се некои од елементите кои резултираа со промена на генерациите што доаѓаат.

**Прилог бр. 10.**

**Интервју со проф. м-р Аида Џиколи (поранешената наставничка во основното и средното музичко училиште „Пренк Јакова“ – Приштина и поранешната директорка во основното и средното музичко училиште „Халит Касаполи“ – Пеќ) 29.1.2025 по телефон**

Почнав да работам во музичкото училиште во Приштина во 2003 година. Како и во цело Косово, наставната програма за пијано беше вообичаена, одобрена од Министерството за образование, наука и технологија. Во 2004 година почнаа да се случуваат значајни промени со доаѓањето на директорката Елизабете Ќари, која ме назначи за шеф на одделот за пијано врз основа на моите организациски способности и искуство како директор на музичкото училиште во Пеќ. Од 2004 година почнавме да одржуваме задолжителни и редовни ученички колоквиуми. Ја испланирав годишната работа кога на почетокот на септември се поставени сите термини и се организирани сите активности на учениците од училиштето. Колоквиумите за учениците по пијано се поделени на неколку делови, вклучувајќи колоквиуми за технички вежби (скали и етиди) и други делови според наставната програма. Исто така, од оваа година почнаа да се организираат и меѓународни натпревари на иницијатива на директорката на училиштето. Учеството на децата на натпреварите Citta di Barleta беше организирано на државно ниво, со учество на учениците од сите музички училишта во Косово под раководство на Приштинското музичко училиште. Овие натпревари се одржуваа најмалку 5 последователни години додека не станаа традиционален настан за сите музички училишта.

Сакам да ја напоменам и промената која беше забележана при учеството на натпреварите на ArsKosova од 2004 до 2005 година приближно, каде што со почетокот на организацијата на овие натпревари во земјава, учениците имаа дополнителен мотив да работат уште попосветено. Исто така, сакам да нагласам дека учеството на учениците, особено оние од Албанија, значително ги мобилизираше наставниците и учениците од Косово, за првпат согледувајќи го високото ниво на учениците, односно пијанистите, кои учествуваа на овие натпревари. Речиси беше вообичаено учениците од Албанија, поточно албанската школа за пијано, да ги освојуваат главните награди за пијано, особено во повозрасните категории. Исто така, по 2004-2005 година, учениците почнаа да ја

прошируваат географијата на учествувото на натпревари, почнувајќи да учествуваат на натпреварите „Полихимнија“ во Скопје, каде што се соочија и со натпреварувачи по пијано на високо ниво. Овие промени постепено ја подигнаа свеста за нивото и реалната слика на сите ученици и наставници во тој период. Резултатите од овие натпревари се одраз на работата и посветеноста на наставниците.

Во 1998 година активностите на училиштето во Пеќ беа многубројни, а учениците од училиштето учествуваа во речиси секоја културна активност што се одржуваше во општина Пеќ. Вреди да се напомене дека, во отсуство на училишна инфраструктура, сите активности на музичкото училиште во 1998-99 година се одржуваа во градското кафуле наречено „Евергрин“, место кое отсекогаш било подготвено да ги ослободи своите простории само за децата и учениците од музичкото училиште да имаат простор каде што можат да ги покажат своите достигнувања. Сите училишни концерти, онлајн часови, класни концерти и многу други активности се одржуваат на ова место. Матурата на учениците се одржа и во форма на отворен концерт со 45-минутна програма во овие импровизирани средини на ТВ станицата „Евергрин“. Бев многу посветена на тоа да не се пропуштат другите активности во основното училиште, како што се часовите по литература, придружувани од ученици од музичкото училиште. Други простори се исто така искористени во импровизирана форма за одржување на нивните училишни и уметнички активности.

Меѓу другите воннаставни активности кои се одржуваа во следните години е организирањето натпревари за класична музика во Чита ди Барлета, иницијатива во рамките на приштинското музичко училиште „Пренк Јакова“ и неговата директорка Елизабете Ќари во 2004 година.

**Прилог бр. 11.**

**Интервју со проф.м-р Бесим Ќори (наставник во основното и средното музичко училиште „Пренк Јакова“ - Ѓаковица) 29.1.2025 по телефон**

Методологијата ја адаптирав според природата на апаратот за пијано на ученикот, и ја бирав програмата за која сметав дека одговара на карактерот на ученикот. Работев одделно со секоја рака додека се расчитуваше делото, запознавајќи ја музичката форма, преку фрази. Главно работев со книгата на Јела Кршиќ. Вонаставните активности во периодот од 1998 година до 2000 година не беа многубројни. Подоцна, како посебна активност се издвојува натпреварот по пијано во Барлета, Италија, од 2004 година, кој првично го организираше приштинското училиште. Потоа имаше редовно учество на натпревари организирани во Приштина од страна на Фондацијата ArsKosova и проф. Сихана Бадивуку. Таму учениците беа редовни со своето учество, што послужи како дополнителна мотивација за нивната работа. Останатите концерти и активности главно беа во рамките на училишната програма, концертите на средината и крајот на училишната година.

**Прилог бр. 12.**

**Интервју со проф. м-р Бими Мила (поранешниот ученик во основното и средното музичко училиште „Пренк Јакова“ - Ѓаковица) 30.1.2025 во живо**

Часовите ги започнав кај проф. Бехар Арлати. Првично почнав да учам по книгата на Јела Кршиќ, но со фокус на методолошкиот дел, поточно солфеж. Професорот околу една година многу се фокусираше на темата солфеж, иако паралелно учев солфеж со соодветниот професор Кујтим Нуши. Целокупната програма беше онаа што ја одобри Министерството за образование и технологија, се разбира, гледајќи го мојот интерес и можности како потенцијален иден пијанист, тој се потруди да најде друга програма или репертоар што би бил помотивирачки и посоодветен за техниката и музикалноста што ги прикажував како ученик. Од 2009 година, односно 2 години по започнувањето на моите часови по пијано, редовно учествував неколку години на натпревари по пијано во Citta di Barletta во Италија кадешто освоив втора награда. Истата година, во октомври, по иницијатива на професорот Бехар Арлати, контактиравме и го реализиравме проектот за учество на натпреварите по пијано ЕПТА во Ватерло, Белгија, кадешто Дијана Андерсен беше организатор на ЕПТА натпреварите. Бев финалист на овие натпревари. По 2003 година учествував и на локални натпревари во организација на ArsKosova каде бев награден со втора награда. Како истакнат ученик учествував и во други активности организирани од општина Ѓаковица, тоа покажува дека општината и училиштето имале добра соработка и имавме простор да го изразиме нашиот талент и секојдневната работа. Во 2013 година бев поканет во камерен ансамбл во градот Дижон, Франција, на иницијатива на Доротеа Фанхаузер. Подоцна, на натпреварите „Млад пијанист“, во 2015 година ја освоив главната награда „Млад пијанист“, каде што како награда настапував со Косовската филхармонија со концертот за пијано и оркестар од Л. В. Бетовен. Победник сум и на натпреварот по пијано во Белград „Даворин Јенко“ во 2016 година. Во овој период имав контакт со идни професори на Факултетот за музичка уметност, кои ми ги препорачаа натпреварите во Белград.

Со оглед на оваа обемна активност по 2004-2005 година, сведок сум на брз развој на културно-уметничката дејност во градот Ѓаковица.

И покрај тоа што сите професори по пијано не беа квалификувани пијанисти, тие сепак имаа големи познавања за музиката, за репертоарот на пијано, а пред се волја и желба да ја развиваат професијата пијанист со идните генерации. Тоа беше важен елемент за нашата мотивација како студенти и идни пијанисти.

Друга активност беше аудицијата IPSIA организирана во Призрен, во 2016 година, каде што бев избран за оваа аудиција, по што бев избран да настапам со филхармонијата, со Концертот на В. А. Моцарт во D-dur. Истата година бев победник на самостоен концерт на манифестацијата „Една ноќ за Косово“ во Берлин, Германија. Италија, Бугарија, Франција, Швајцарија, сите овие центри на Европа, отсекогаш биле концертни дестинации во годините од 2015 година до сега. Ова уште еднаш ја докажува големата волја и посебната работа што е направена во Ѓаковското училиште.

**Прилог бр. 13.**

**Интервју со проф. Лиридона Мизири (поранешената наставничка во основното и средното музичко училиште „Тефта Ташко“ - Митровица) 30.1.2025 по телефон**

Јас и неколку колеги кои работевме во Митровица учествувавме со нашите ученици на мастер курсот кој беше организиран во рамките на музичкото училиште. Одржавме мастер клас, сега фокусиран на интерпретација, со проф. Флорита Раифи. Учениците учествуваа на различни концерти во повеќе градови во Косово.

Нашата заложба беше и околу организирање интерни часови, разни концерти во текот на учебната година и секако, полугодишни и завршни испити што се одржуваат во училиштето.

Кога станува збор за испитите и оценувањето, подоцна размислував дека не е неопходно да се оценуваат децата кога се мали. Ќе им треба повеќе време за да се запознаат со инструментот, сами да истражуваат и да се најдат различни креативни начини од страна на наставниците за да поттикнат уште поголема љубопитност. Така што според мене би било подобро учениците да бидат оценувани кога се постари и имаат поголеми одговорности кон вежбите и инструментот.

Митровица беше едно од местата каде што речиси и да немаше културен и уметнички развој во истражувачкиот период 1998-2008 година. Некои ученици беа дел и од натпреварите „Млад пијанист“ што се одржаа во Приштина.

**Прилог бр. 14.**

**Интервју со проф. м-р Рина Фери Адеми (поранешената ученичка во основното музичко училиште „Тефта Ташко“ - Митровица) 30.1.2025 по телефон**

Започнав со часови по пијано на 8-годишна возраст во музичкото училиште „Тефта Ташко“ во Митровица, кај наставникот Енди Абраши. Секој од наставниците имаше свој метод за предавање на инструментот и мислам дека промената на наставниците по одреден временски период имаше позитивен ефект. Се сеќавам на мастер класите со професорката Флорита Раифи на кои учествував и каде што го свирев првиот став од Сонатата на Моцарт во C-dur бр. 16 и 2 инвенции од Бах. Натпреварите не беа толку застапени кога бев ученик во основно училиште, но учествував на натпреварот „Млад пијанист“.

Литературата беше главно од книгата на Јела Кршиќ. Учествував на секој концерт организиран од училиштето. Од трето одделение ги продолжив часовите со професорката Флорита Раифи, што беше највозбудливиот период во текот на основното училиште. Учествував на многу концерти и мастер класи каде ми беа доделени признанија и дипломи. Во овој период, во отсуство на изборот на литературата наставничката Флорита ми обезбеди литература базирана на индивидуални способности. Во шесто одделение отидов кај професорот Мисбах Качамаку и професорката Јета Думница, кои ме водеа додека не го завршам средното училиште. Во овој период, професорите избираа и поединечни програми, приспособувајќи ги на наставната програма. Учествував на „Млад пијанист“ и на концертите организирани во рамките на училиштето. Сум била дел и од Младинскиот оркестар на Косово под диригентство на Куштрим Гаши. Во текот на овие години учествував на турнеи организирани од училиштето каде што ги изведов Clair de lune од Дебиси и Raindrop од Шопен.

**Прилог бр. 15.**

**Интервју со проф. м-р Бесјана Тишукај (поранешената ученичка во основното музичко училиште „Халит Касаполи“ - Пеќ) 31.1.2025 по телефон**

Во периодот 1998-2008 година бев ученик во музичкото училиште во Пеќ, училиштето беше во адаптирана зграда, условите не беа добри, беше особено тешко да се најде училница за одржување на индивидуална настава, инструментите беа многу стари, но директорот се трудеше да ги одржува во добра состојба во однос на штимањето, ако немаше столчиња за клавир, тие беа обични. Бевме обврзани да полагаме во првото полугодие со етиди, полифони дела, слободни композиции и сонатина или соната, потоа во март влеговме со скали и етиди и во јуни повторно со целосна програма. Покрај класните и училишните концерти, одржавме средба на таленти со Ѓаковицата (тоа беше средба која се одржуваше секоја година во Приштина, а потоа почнаа да се организираат натпреварите ArsKosova и „Млад пијанист“). Во гимназијата работевме со програмата за инструментално пијано по избор на предметниот наставник, потоа се формираше училишниот хор со кој учествувавме во многу активности како придружници, со хорот учествувавме и на ReMusica и фестивалот DAM.

**Прилог бр. 16**

**Интервју со проф. м-р Линдита Исуфи (поранешната директорка и наставничка во основнато музичко училиште „Ческ Задеја“ – Урошевац) 30.1.2025 по телефон**

Во периодот од 1998 до 2000 година речиси и да немаше активност поради познатите политички околности од тој период. Во 2001 година имавме важна активност со учениците од нашето училиште во соработка со учениците од основното училиште во Гнилане кога испративме неколку ученици на еднонеделен мастер клас во Conservatorio di Musica „Џакомо Пучини“ во Ла Специја, Италија. По овој сериозен 7-дневен мастер клас, се одржа завршниот концерт заедно со студентите на Конзерваториумот за музика „Џакомо Пучини“. Овој проект беше организиран во периодот на администрацијата на УНМИК под раководство на Даниела Бруни, која беше директорка на Регионалната дирекција за култура во општина Гнилане. Ова беше добра можност за сите студенти и професори да воспостават нови контакти за продолжување на меѓусебните активности со странските пијанисти и професори.

Во 2004 година, познатиот американски пијанист Сем Ротман беше поканет од американско семејство Томас, кое живеело во Урошевац и водело невладина организација „ОМЕГА“, а нивната ќерка Алисон Томас била ученичка во музичкото училиште во Урошевац каде завршила и средно училиште, па се вратила во Америка. Сем, исто така, одржа мастер клас со учениците од училиштето, а во следните денови одржа и концерт на пијано, на кој присуствуваа претставници на учениците од училиштето и пошироко.

Училиштето во Урошевац, имајќи ја предвид близината на воениот камп Бондстил, имаше блиска соработка со припадници на војската кои по професија беа музичари и имавме бројни музички активности.

Во однос на наставната програма, продолживме да работиме на изданието на збирката книги од Ј. Кршиќ кои биле и продолжуваат да бидат дел од наставната програма на основното музичко училиште. Сите дела во текот на учебната година се избрани главно од оваа книга. Доколку ученикот покажал добри музички вештини, тој или таа може слободно да избира репертоар надвор од предметната книга.

Главните активности беа одделенските концерти, завршните концерти од полугодието и крајот на учебната година, заедничкиот концерт на сите оддели и училишниот хор. Во овој период 1998-2008 година, училиштето главно ги правеше првите чекори, при тоа ова беше чувствителен и тежок период за работа заради тогашните политички и општествени околности.

Со започнувањето на неколку музички фестивали во земјава, како и формирањето на државните натпревари, музичкото училиште во Урошевац и неговите ученици почнаа да се активираат за да го претстават својот град и да ги покажат своите први резултати како млади инструменталисти.

**Прилог бр. 17**

**Интервју со проф. м-р Ринор Алиу (поранешниот ученик во основното музичко училиште „Ческ Задеја“ - Урошевац) 29.01.2025 по телефон**

Почетоците на учење пијано не биле ни малку лесни за учениците од тој период. Веќе познати причини се лошата училишна инфраструктура, немањето соодветна пијанистичка рамка, немањето различни вонннаставни активности и многу други социјални аспекти кои директно влијаеле на благосостојбата на учениците. Лично се чувствувам среќен што успеав да ја задржам личната мотивација да продолжам да работам како пијанист, но тоа се случуваше само како резултат на мојата голема љубов кон инструментот и музиката. Пристапот на професорите беше генерално добар, но не многу мотивирачки за музички талент. Недостигаа многу уметнички активности во 1990-тите и 2000-тите. Освен оние организирани во училиштата како одделенски концерти и завршни училишни концерти, немаше развој што даваше простор за понатамошен напредок на младите музичари. Тоа доведе и до демотивација на децата кои во тоа време посетуваа часови по ликовно и музичко образование. Во мојот случај, да не беше поддршката од татко ми да продолжам да се занимавам со уметност, немаше да бидам обликуван како иден пијанист.

Јас сум единствениот пијанист кој успеал да го заврши ова училиште, за сега да продолжам како професор по пијано во истото училиште, каде што успеав да произведам нови генерации пијанисти, нешто за што се чувствувам многу добро и многу задоволно, бидејќи тоа е и причината и целта да бидам професор по пијано.

Наставните програми беа исти како и во другите центри во Косово. Јела Кршиќ била и останува единствената збирка книги со која работев.

Откако започна организацијата на натпреварите на ArsKosova, јас учествував на нив и добив награди.

**Прилог бр. 18.**

**Интервју со проф. д-р Индира Чипа (поранешената наставничка во основното и средното музичко училиште „Лоренц Антони“ - Призрен) 31.1.2025 по електронска пошта**

Периодот од 1998 до средината на 1999 година може да се третира како крај на историско-општествен крстопат, исто така и културен. Сите карактеристики на овој период на пијанистичкото образование започнаа од 1990 година кога училиштата во Косово беа затворени. Образовниот систем на албански јазик продолжи во паралелен систем, надвор од зградите на јавните училишта, преку домашните училишта. Музичкото училиште „Лоренц Антони“ исто така ги разви своите активности во домовите на наставниците, ученички домови и секцијата за колективни предмети на гимназијата во просториите на КУД „Агими“. Финансирањето беше обезбедено од донации собрани од граѓаните. Во оваа состојба на училишниот систем, воннаставните активности вклучуваа интерни часови, училишни концерти кои се одржаа во просториите на КУД „Агими“. Во 1990-тите, учениците и наставниците учествуваа со музички изведби, дури и во уметничките вечери организирани од овој КУД. Концертите беа прекинати во 1998 година целосно поради влошената политичка ситуација, вонредната состојба и воената состојба.

Некои од одличните ученици на нашето училиште, со цел нивниот нормален личносен развој, беа преселени од Косово. Меѓу нив Малик Халче (пијанист), Петрит Чеку (гитарист), благодарение на свеста на нивните семејства кои се жртвувале, бегајќи од Косово, но нивните деца успеале да најдат место во меѓу најбрилијантните светски уметници. Во 1999-та година продолжува целосниот прекин на наставата, за повторно да се продолжи во септември истата година, со големи напори за обновување на образовниот систем. Имаше голем пораст на училишни концерти и во училишната концертна сала и во салите на други места во градот каде се славеа значајни културни, уметнички и протоколарни настани. Многу наскоро со поддршка на странски и локални организации се одржаа два самостојни концерта на мојата ученичка Генита Хоџа (пијано) во Измир (Турско-француски културен центар) и во Нојнкирхен.

Мастер класите и другите вонналставни активности започнуваат по 2001 година, за кои информации мора да се добијат од други извори, бидејќи во тоа време работев во други институции, и мојот контакт со музичкото училиште се намали.

**Прилог бр. 19.**

**Интервју со проф. Арбнор Красниќи (поранешниот ученик во основното музичко училиште „Лоренц Антони“ – Призрен) 30.1.2025 по телефон**

Основно училиште почнав во 1996 година и до 1999 година одржувавме часови по дома за оние ученици кои имаа пијано во своите домови.

Наставата по предметот солфеж се држеше во објектите на КУД „Агими“. Инфраструктурата воопшто не беше добра, инструментите беа во многу лоша состојба. Наставата ја продолживме од 1999 до 2002 година во училишната зграда „Лоренц Антони“. Отпрвин инструментите беа во многу добра состојба во тоа време, пристапот на наставниците лично за мене беше коректен, но не многу добар од професионална перспектива. Работевме со книгата на Јела Кршиќ, потоа успеавме да ги обезбедиме другите партитури што беа барани. Во тоа време никогаш не учествувавме на натпревари, ниту на фестивали, само на концерти во училиштето и на некои настани во градот Призрен.

**Прилог бр. 20.**

**Интервју со проф. м-р Ули Белули (поранешниот ученик и наставник во основното музичко училиште – Гнилане) 31.1.2025 во живо**

Во времето кога јас предавав, во 1990-тите, наставата се одржуваше во училишни домови, паралелно во два објекта: ОУ „Селами Халаци“ во кое беше ослободен дел од објектот за учениците од музичкото училиште, а другиот објект беше просторијата во приватна куќа што граѓанинот ја ослободил за да им предава на ученици Албанци. Во однос на училишните активности кои се одржуваа во музичкото училиште во Гнилане, имаше концерти и редовната училишна програма како одделенски концерти и завршниот концерт на кој се вклучени речиси сите ученици. Како воннаставни активности може да се наведат Средбите на таленти кои главно се одржуваа во Призрен, во Културно-уметничкото друштво „Агими“ на кои учествуваа учениците од сите училишта во Косово. Се сеќавам и на концертот организиран во градот Прешево, исто така во Домот на култура, каде што настапував на пијано, околу 1998 година. За жал, ние како генерација немавме среќа да ги размениме нашите искуства во поранешна Југославија како што правеа претходните генерации во времето на поранешна СФРЈ.

Исто така, Фестивалот „Flaka e janarit“, фестивал со републички карактер, сега во 2025 година има општонароден карактер, имал и има вечер за класична музика.

Што се однесува до наставната програма, почнавме со Ф. Баер, а потоа продолживме со Ј. Кршиќ, но имавме и дела од албански композитори. Кога бев ученик, овие програми ни беа соодветни.

Кога почнав да работам како професор, во 2001 година, наставата сè уште се одржуваше во ОУ „Селами Халаци“, а подоцна и во градската општа гимназија. Инструментите беа Петров, во екстремно стара состојба и речиси неупотребливи. За време на мојата работа како професор, имавме блиска соработка со Фондацијата ArsKosova, каде што испраќавме ученици да учествуваат на натпреварот за класична музика, а исто така и со фестивалот „Млад пијанист“.

Токму по случајната посета на училиштето каде што бев ученик и наставник по пијано, забележав дека наставната програма останува иста и единствената разлика е што насловите се преведени на албански јазик. Ништо не се промени откако бев наставник во

ова училиште. Сè уште се одржуваат истите училишни активности, одделенски концерти, завршни концерти и интерни часови кои беа задолжителни двапати годишно. Изборот на студенти за завршниот концерт беше направен врз основа на аудиција. На доброволна основа, учениците на секој наставник учествуваа на различни натпревари.